## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Седмото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 7 јули 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Благој Голомеов, Лилјана Ивановска, Нелко Стојановски, Ристана Лалчевска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самиоловска-Цветананова, Ванчо Георгиев, Славица Станковска, Игор Ивановски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Трендафилов, Али Ахмети, Теута Арифи, Хусенџеват Хусеини ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 16 - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог закон.**

Продолжуваме со претрес по амандманите.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 2 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, амандманот на член 2 на став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски, амандманот на член 2 на став 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев и по амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска.

Има збор пратеникот Стаменков. Ванчо Стаменков не е тука.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Блгодарам потпретседателе.

Претставници на Владата, дами и колеги, господо пратеници,

Продолжуваме со расправа по амандманот на членот 2 став 2, меѓутоа од претходната расправа некако никој од колегите не успеа да го каже она мислам само што се спомнуваше како аргумент, меѓутоа никој не најде за сходно да ја прочита Одлуката на Уставниот суд со која беше укинат го изразуваат својот идентитет и националните особености. Ова ќе го кажам во контекст на тоа што членот 2 ставот 2 од Предлогот за донесување на Законот за употреба на знамињата на заедниците е ист идентичен со членот 2 од Законот што пред малку го цитирав. Видоизменето е само наместо "националности" сега со Уставните амандмани постојат "заедници". Инаку текстот на целиот став 2 е сосема ист.

Уставниот суд, на својата седница одржана на 18 ноември 1998 година донел одлука со која се укинува Законот за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености и се укинува Указот за прогласување на Законот за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености. Од оваа Одлука донесена од Уставниот суд има две издвоени мислења, почитувани колеги, на членови на Уставен суд или уставни судии и тоа на судијата на Уставен суд на Република Македонија, тогашен Бахри Исљаими и има издвоено мислење од тогашен судија на Уставен суд на Република Македонија д-р Бесим Селмани. Зборувам за период 1998 година, да не бидеме погрешно разбрани.

Оваа Одлука на Уставниот суд е донесена како резултат на иницијативата што ја поднеле тогашното ВМРО - ДПМНЕ, ЛДП, ДП на Македонија, Лигата за демократија, Македонската народна партија, ВМРО-ДП и Светскиот македонски конгрес.

Ќе ви ги прочитам оние делови што се однесуваат и на амандманот што го поднесувам и на текстот на законот. Конкретно на овој амандман. Се вели вака, точка 5 од Одлуката:

"Согласно членот 5 од Уставот на Република Македонија, државни симболи на Република Македонија се грб, знаме и химна, кои се утврдуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници". Со оваа одредба произлегува дека Уставот упатува државните симболи со кои се изразува државниот суверенитет и територијаниот интегритет на Републиката да се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови.

"Ваквата формулација на одредбата, според Законот, не остава простор ниту можност за постоење на закони со кои припадниците на националностите", значи исто може да го толкуваме, тогашни националности, сегашни заедници, "кои живеат на територијата на Република Македонија, чии матични делови по правило живеат во други земји, ќе го изразуваат својот суверенитет со државни симболи и знамиња на матичната земја".

Понатаму: "Имајќи го предвид изнесеното Судот оцени", значи се работи за Уставен суд, тоа почесто ќе го потенцирам за да им биде јасно на колегите, "одредбата од членот 48", што ние ја заменивме со амандманот 8 и што е иста, освен што место националности имаме заедници, "гарантирајќи им го правото на припадниците на националностите да го изразуваат, негуваат и

развиваат својот идентитет и националниот суверенитет, се однесува на негување, изразување и развивање на нивните обичаи, култура, јазик и традиција преку културни и уметнички институции, научни и други здруженија, што не значи дека во оваа група не можат да се подведат правата на државни симболи на матичните земји, како што се грбот, знамето и химната.

Имено, Судот цени дека Уставот е јасен кога вели дека знамето е еден од државните симболи на Република Македонија, поради што, за оспорениот закон е неспорно дека тој не може да обезбеди друго право во корпусот на основните права, на човекови слободи и права што треба да се имаат предвид кога се гледа целината на Уставот на Република Македонија".

"Уставот, како и основните начела, според кои се признаваат основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право, гледани од контекст на практиката во врска со уредувањето на ова прашање во другите земиј", за кое многу пати тука има и примери, и книги и цртежи им се даваше на колегите, "не може да претставува основ за донесување на еден ваков закон од причина што во другите земји, при постоење на државно знаме на соодветна земја, припадниците на националностите немаат право преку сопствено национално знаме да го изразуваат својот идентитет и националните особености".

И кога, под "правото на националностите слободно да го изразуваат својот етнички идентитет би се подразбирало исклучиво изразување на националната припадност", тоа сепак, според оценката на Судот "не може да значи дека истото ќе се врши преку национално знаме кое тие сами ќе си го одредат, а уште помалку такво знаме може да се совпаѓа со знаме на друга држава". Значи, да не заборавам, цитирам Одлука на Уставен суд од 1998 година.

Инаку, како што се однесува до тоа дека "членот 48 од Уставот или амандманот 8 го регулира прашањето на правото на националностите како колективите или како поединци, според Судот, тој го регулира прашањето на нивните права како поединци, што не значи дека поединецот може да одлучува дали и кога ќе го употребува националното знаме, а неговата употреба не може да се оквалификува ни како фактичко прашање, туку како прашање со кое што се повредува суверенитетот на Република Македонија, што е неделив, неотуѓив и непренослив". Тоа што Уставот зборува за државен суверенитет, а не за суверенитет на македонскиот народ и во претходната преамбула и во оваа нова преамбула, според Судот "не им дава право на припадниците на националностите да употребуваат национално знаме од причина што и тие се граѓани и државјани на Република Македонија, поради што државното знаме е и нивно знаме".

Понатаму, "Фактот дека не постои меѓународен стандард што во корпусот на правата на националностите предвидува вакво право, наведува на заклучок дека и меѓу народите и уставните стандарди не определуваат дека изразувањето, негувањето и развивањето на идентитетот и националните особености на националните малцинства може да се врши преку знаме".

Во овој контекст, Судот направи осврт и на Рамковната конвенција за заштита на националностите, што е донесена во Виена 1992 година, според која: "Припадниците на истата се обврзуваат да им овозможат на припадниците на националните малцинства да ја сочуваат културата, како и да ги сочуваат суштинските елементи на нивниот идентитет, нивната вера, нивниот јазик, нивните традиции и културното наследство, при што со членот 21 од истата Рамковна конвенција за заштита на правата на малцинствата се предвидува дека ништо од оваа Конвенција не смее, нема да биде толкувано како да дава право да се презема активност или да се постапува спротивно на основните принципи на меѓународното право и посебно на суверената еднаквост и територијалниот интегритет и политичката независност на државата".

Како што реков, од оваа Одлука на Уставен суд оваа Одлука Судот ја донел со мнозинство гласови, а имаат двајца судии Бахри Исмаиљи и д-р Бесим Селими, кои сметаат дека и тогаш Уставниот суд не бил во право кога го укинал овој закон за употреба на знамињата преку кој на припадниците на националностите и пак им е истото образложение дека Албанците има голема традиција со таквото знаме дека се спомнува Втора светска војна, Прва светска војна, 1400 и не знам која година, значи истите аргументи со кои колегите од ДУИ и ден денес не малтретираат со укажување колку овој закон бил многу добар.

Од сите овие дискусии кои беа од пратениците, јас ќе дадам неколку факти и она што јас го заклучив, па вие ако сакате сложете се со мене, ако сакате не мора да се сложите, меѓутоа, последиците и одговорноста ќе биде ваша, значи факт е дека Албанците, како заедница, постојат во Република Македонија како дел од останатите граѓани во оваа држава, факт е дека заедниците имаа право слободно да го изразуваат, развиваат и негуваат својот идентитет и особености и да ги употребуваат своите симболи согласно амандманот 8, на памет веќе и го научив текстот на амандманот 8, факт е дека во Република Македонија не е регулирано какво знаме треба да имаат припадниците на заедниците кои се родени и живеат и се граѓани во оваа држава, факт е дека од 100% испитаници во анкетата која ја спровел Институтут за демократија, солидарност и цивилно општество, 23% тие задолжителни 23 за кои расправаме од војната 2001 и за кој беше и војната 2001, 23% одговориле дека многу се согласуваат со ваков закон, 10% немаат став во однос на овој закон, а

над 63% не се согласуваат знаме на друга државата да биде симбол на етничка заедница во Република Македонија.

И не држи оние аргументи кои ги даваат колегите од ДУИ дека ние сме албанофоби и патиме од Албанците.

Понатаму, факт е дека пред Уставниот суд, доколку се покрене иницијатива, а верувајте дека ќе се покрене иницијатива за уставноста или согласноста на овој закон со Уставот на Република Македонија, оваа иницијатива ќе ја доживее истата судбина како и иницијативата што ви ја читав пред малку од 1998 година со тогашниот Закон за употреба на знамињата на националностите, со што го изразуваат својот идентитет и особеностите. Затоа што текстот е скоро ист, тогашниот Закон и овој закон. Посебно, членот 2, ставот 2, на кој што се поднесуваат и овие пет амандмани за што денеска расправаме.

Факт е дека, доколку овој амандман биде усвоен, односно не биде усвоен, Република Македонија, како суверена, самостојна и независна држава, колку и да ве убедуваат дека нема така да биде колегите и од ДУИ и од СДСМ и од ЛДП, јас лично сметам дека Македонија ќе биде бинационална држава, доколку овој амандман не се усвои од страна на парламентрното мнозинство.

Да се разбереме, ова е клучен амандман, со кој што се утврдува кое знаме може да биде знаме на етничка заедница и кое не смее, во исто време да биде знаме на друга држава.

Исто така, факт е дека ниту колегите од ДУИ, ниту пак Владата, имаат намера да отстапат од своите барања. Исто така, тврдам со потполна одговорност, дека тие ниту се за соживот, ниту се за унитарна Македонија, иако устата им е полна со унитарна Македонија и едноставно не сакаат да ја чувствуаат како своја матична и родена држава.

Факт е, исто така, дека Албанците не можат и не сакаат никако да се препознаат, ама никако, тоа го зборувам во суштинска смисла на зборот, да се препознаат и да се смислат самите себе си како граѓани на оваа држава, освен кога треба да имаат определени права. Обврски не мора, меѓутоа, права и тие се само за остварување на своите права и права итн.

Затоа сметам дека тие од секогаш се сметале за граѓани на некоја друга држава, соседна нормално, чие знаме сакаат да го веат и во оваа суверена држава и поради притисокот што тие го вршат на владеачката гарнитура, Владата предлага вака, според мене, сепаратистички и националистички предлози.

Доста веќе го обвинувавте ВМРО ДПМНЕ, тогашно, ВМРО Народна како националисти и сепаратисти и албанофоби, сега јас можам слободно да кажам дека со ваквиот Предлог на закон тие епитети ви следуваат вам.

Факт е дека и Социјал демократскиот сојуз на Македонија и Либерално демократската партија и Демократската унија за интеграција не замајувате дека и кога ќе го донесеме овој закон по кој ЕУ, како што сами велите постојано оди преку Охрид, меѓутоа, преку Охрид одат и други патишта. Преку Охрид, Струга, Ќафасан и т.н.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Којзеклиска дали можеме да преминеме на амандманот?

**Марија Којзеклиска:** Може.

**Слободан Најдовски:** Ајде ако сакате преминете на амандманот, бидејќи расправаме по амандманот.

**Марија Којзеклиска:** Јас потпретседателе зборувам за амандманот и за последиците, доколку амандманот, не се усвои. Вие како да не ме следите цело време што зборувам.

**Слободан Најдовски:** Имавте право по општиот претрес, но сега да преминеме на амандманот, еве веќе 23 минути...

**Марија Којзеклиска:** 23 минути потпретседателе јас зборувам за одлука на **Слободан Најдовски:** Уставен суд со која е укинат целиот претходен закон кој постои и во овој член.

**Слободан Најдовски:** Сега за расправа го имаме амандманот. Да преминеме на амандманот.

**Марија Којзеклиска:** Добро што зборувам цело време? Зборувам за знамето, дека знамето не смее да биде знаме на друга држава. Вие како да не ме следите.

**Слободан Најдовски:** Јас ве следам добор, но тоа знаме по амандманот го употребувате на секои десет минути. Толку колку да бидете во тек.

**Марија Којзеклиска:** Таков е законот, јас не сум крива, јас не сум го предложила, така го предложиле.

Еве ќе завршам, за да не ве деранжирам.

Значи, овие вака презентирани факти и одлуката на Уставниот суд и издвоеното мислење на двајцата членови на Уставниот суд од албанската националност, да не заборавам да го цитирам и членот 10 од Законот за локална самоуправа во кој се вели, став 3, грбот и знамето се разликуваат од грбот и знамето на други држави, единици на локална самоуправа на други држави и на меѓународни организации. Да не заборавам да го цитирам членот 13 став 2 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија во кој се вели знамето на Република Македонија се употребува како ознака на воздухоплов, брод или друго пловило, како и на други јавни превозни средства заради означување на нивната припадност на Република Македонија под услов и начин утврдени со соодветни прописи. Секаде почитуван потпретседателе ние зборуваме за знаме со кое се утврдува припадност на Република Македонија, а не да вееме знаме на друга држава. Во контекст на тоа е и членот 2 ставот 2 на кој имам поднесено амандман и затоа барам од колегите пратеници добро да размислат врз основа на овие аргументи кои ги кажав, најверователно некој од колегите ќе каже и други

аргументи. Што ќе добијат кога ќе гласаат за амандманот длабоко да размислат затоа што сите сме ние народни избраници, сите велиме дека доаѓаме од народот, сите велиме не дај Боже да ни се случи уште нешто друго, иако има такви најави, значи да размислат што ќе добијат граѓаните на Република Македонија и каква воопшто ќе биде иднината на Република Македонија доколку овој амандман не биде усвоен, како и останатите амандмани кои се поднесени од колегите пратеници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете господине Адеми три минути реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател, госпоѓа Којзеклиска, својот говор го започна читајќи ја одлуката на Уставниот суд од 1998 година. Во својот говор спомна дека членот 2 од овој закон не се разликува воопшто од членот 2 од тој закон донесен од Парламентот 1997 година, меѓутоа, јас би ја потсетил госпоѓа Којзеклиска и другите дека членот 48 од Уставот на Република Македонија не е ист. Тој член има претрпено измени со амандманот 8, таа го прочита членот 48, меѓутоа, не го прочита до крај.

Јас, заради јавноста, ќе го прочитам уште еднаш тука членот 48. Припадниците на заедниците имаат право слободно и јавно да изразуваат, негуваат и развиваат свој идентитет и посебностите на својата заедница и да ги употребуваат симболите на своите заедници. Ова на крај "да ги употребуваат симболите на своите заедници" госпоѓо Којзеклиска вие не го прочитавте.

Понатаму, за мене е неразбирливо и нелогично некој да се обиде да се врати во 1998 година. Секако дека носталгијата на ВМРО-ДПМНЕ за 1998 година е голема затоа што тогаш дојдоа на власт, меѓутоа, верувам дека за да се вратат во таа година е многу тешко. Мислам дека по 2001 година имаме нови реалности и овие реалности треба да се градат со нови менталитети. Не може со менталитет од 1998 година да се градат нови реалности...

**Слободан Најдовски:** Зборувајте за амандманот, не зборувајте за останатото, бидејќи и неа ја опоменав.

**Абдилаќим Адеми:** Мислам дека реплицирам токму на говорот на госпоѓа Којзеклиска.

Никој нема такво право ниту мандат да го менува знамето на една нација, дури ниту една политичка партија, како што сме ние тука, а камоли некоја друга партија.

Велите дека со овој закон Владата врши сепаратизам, национализам и т.н., тогаш како може да се квалификува вашето барање за промена на националното знаме. Секако дека може да се квалификува како асимилирачко барање и дискриминирачко барање, никако поинаку.

**Слободан Најдовски:** Јас сакам да ве замолам и вас и сите кои понатаму ќе дискутираат. Да дискутираме конкретно за амандманот, затоа и госпоѓата Копјзеклсика ја опоменав и вас господине Адеми.

Да дискутираме исклучиво за амандманите кои се предложени. Ве оставив и вас и неа да завршите, но би ве замолил сите да дискутираме исклучиво за амандманот. Таа имаше дискусија.

Повелете процедурално господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател. Мислам дека треба да ги разликувате дискусиите кои се вршат за амандманите и ова што е реплика.

Пратеникот Абдилаќим Адеми имаше реплика на дискусијата на Којзеклиска, а таа цело време не расправаше за амандманот, туку говореше за други работи.

Јас ве молам како претседавач и како потпретседател на Собранието да ги правите овие разлики.

**Слободан Најдовски:** Затоа господине Алити ја опоменав госпоѓа Којзеклиска и сега, за да ја насочиме расправата во она за што е предложено, за што е амандманот.

Бидејќи имавме можност да се изјасниме кога беше општиот претрес, имаме можност по текстот, сега да се сконцентрираме на амандманите.

Една минута контра реплика госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Само кратко, амандманот 8: "припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница", ама тука не пишува и албанското знаме. Тука не е државното албанско знаме.

Во однос на 1998 година јас цитирав одлука на еден орган кој е утврден со Уставот на Република Македонија. Тоа не е времето на ВМРО-ДПМНЕ, да се разбереме, јас цитирав одлука на Уставен суд како орган дефиниран во Уставот на Република Македонија, а сега на колегите што не им се бендисува тоа, јас не сум крива.

Во однос на она што велите амандманска расправа, значи амандманот кој го имам поднесено вели под знаме, во смисла на став од овој член, се вели дека можат да го употребуваат, кое не смее да биде знаме на друга држава.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклсика.

Три минути реплика за господинот Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

Слушнавме еден говор кој најмалку беше по однос на амандманот што го имаат поднесено, затоа јас ќе имам реплика за говорот што го имаше пратеникот Којзеклсика.

Во нејзиниот говор спомнува неколку поими кои мене ме потсеќаат на годините на минатиот систем, на комунистичкиот систем како

сепаратизам, национализам, иредентизам, мислам дека овие еднаш за секогаш треба да ги отстраниме од нашите говори, но, за жал, јас верувам дека сигурно ќе треба да донесеме еден закон за да ги укинеме тие политичари односно да ги пензионираме кои припаѓаат на старата политичка класа да се пензионираат и се надевам во новите политички елити во Република Македонија кои ќе не разберат така како што треба да го разберат Рамковниот договор. Вие рековте дека се согласуваме Република Македонија за да се интегрира во Европската унија, патот е кон Охридскиот договор. Но, Охридскиот договор треба да го разбереме така како што треба, почнувајќи од основните начела со кои во точката 1.3. се вели дека мултиетничкиот карактер треба да се изрази во Република Македонија. Овој мултиетнички карактер треба да го имаат сите етнички заедници, почитувана госпоѓо, во Република Македонија, без оглед на коај етничка припадност припаѓаат. Кога говориме за етничките заедници многу добро е утврдено во членот 48, но и во амандманот 8 од Уставот на Република Македонија, каде се вели односно точно дефинира дека етничките заедници имаат право да го изразат нивниот идентитет. Идентитетот на етничката заедница е самата етничка заедница кое ќе се изразува преку нивните симболи.

Нема никаде во светот, почитувана госпоѓо, знамето или изразувањето на идентитетот на една етничка заедница да им го подари некоај друга етничка заедница. Тоа право го имаат самите етнички заедници. Доколку некој мисли дека може да принуди една етничка заедница да го изрази својот идентитет врз основ акако мисли некој друг, ова ви е голема грешка. Тоа нешто беше од минатиот систем, но, за жал, мислам дека сеуште живеете во минатиот систем.

Овој период е завршен, не говориме за 90-тите години, туку говориме за 2000 година, за новиот век, а овде имаме нови реалности во Република Македонија, па доколку сите ги прифатиме така како што треба овие нови реалности во нашата Република, ние ќе имаме можност да изградиме една Република врз здрави основи како мултиетничка држава.

**Слободан Најдовски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Потпретседателе, јас сум Којзеклиска, не сум Којзеклиска (акцентот е на погрешна самогласка)

**Слободан Најдовски:** Да научиме малку граматика, јас учев дека е акцентот на третата самогласка одпозади.

**Марија Којзеклиска:** Добро, да не ми тече репликата, можеме надвор да полимизираме.

Почитуван колега Ејуп Рустеми, сепаратистички, националистички, ајде да се преформулирам, Рамковен договор, основни принципи, прекина непријателството, доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи. Ајде. Добро. Не се сепаратистички и националистички, туку се етнички албански вооружени групи. Ми го цитирате тука мултиетничкиот карактер на македонското општество, мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот. Да коелга ама така како што треба, а не така како што вие сакате и стално на вас да ви исполнуваат желбите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска, еве секој од пратениците може да каже точно како сака да му се изговара презимето.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, претставник на Владата.

Во мојата дискусија, по однос на потребата од донесувањето на овој закон, истакнав дека членот 2 од Предлог законот е правно -технички бесмислен, односно користи упатувачка норма во услови кога не постои друга правна норма, или закон кон која не упатува членот 2 од овој Предлог закон.

Имено, членот 2, став 2 од Предлог законот вели дека "знаме на етничката заедница, е знаме што таа заедница го избрала за изразување на својот идентитет". Тоа значи дека овој став, ставот 2 од членот 2 упатува на некој друг пропис, односно закон во кој е дефинирано кое и какво е знамето на одредена етничка заедница. Меѓутоа таков закон во Република Македонија не е донесен, односно не пости и ние со членот 2 од Предлог законот, се вртиме во круг, бидејќи тој член вели: "заедниците во Република Македонија, употребуваат знаме заради изразување на својот идентитет и особености", а тоа знаме е знамето што го изразува идентитетот и особеностите на заедницата. Значи и понатаму предлагачот со користење на празна реторика и тавтологија од типот зеленилот е зелено или убавината е убава не врти во круг. Но, ова не случајно го прави предлагачот на овојзакон. Имено, предлагачот не скајќи да тргне по правиот и единствено исправен пат, а тој пат е прво донесување на закон за знамиња на етничките заедници и второ, дури потоа донесување на закон за употреба на знамињата на етничките заедници. Меѓутоа, предлагачот скршнал од правиот пат, најверојатно не можејќи да обезбеди консензус од албанската етничка заедница во Република Македонија.

Албанската етничка заедница во Република Македонија во секој момент, барем претставниците или политичката елита на таа заедница во Собранието и во Владата во секој момент користи можност да го истакне сопственото залагање за стабилност, интеграција, заедништво на Македонскиот народ и сите етнички заедници во Република Македонија.

(Во 11,39 со седницата продолжи да ја води претседателот).

Меѓутоа, дефакто, отсуствува желба за компромис и заедничко решавање на ова прашање и непопустливост во нивниот непринципиелен став да се реши ова прашање кое очигледно предизвика многу реакции и во Собранието и во јавниот живот во Република Македонија.

Јас го употребувам зборот непринципиелен став од следните причини.

Најпрвин затоа што според меѓународните конвенции за знамето, употребата на државно знаме на друга држава во сопствената држава, во јавниот и во службениот живот значи нарушување или поделба на суверенитетот на сопствената држава, освен во строго определени случаи во дипломатијата и при посета на странските делегации.

Овој непринципиелен став на кој упорно опстојува албанската етничка заедница во Македонија значи наметнување на правото на една етничка заедница, во случајот албанската, над правото на сите граѓани во Република Македонија во кои спаѓаат припадниците на сите заедници во Република Македонија и Македонскиот народ и од кои граѓани извира суверенитетот на државата Република Македонија.

Токму овој суверенитет би бил нарушен или поделен ако албанската етничка заедница и понатаму опстои на овој непринципиелен став да го употребува државното знаме на Република Албанија како свое знаме односно знаме на албанската етничка заедница во Република Македонија.

Најпрвин ова би бил случај без преседан во светот. Имено, од извршените проверки во литературата и компаративно изучување на постојните позитивни прописи во другите држави во светот е дојдено до заклучок дека не постои употреба на туѓо државно знаме на територија на сопствена држава, зборувам во јавна употреба.

Исто така во случај во политички момент кога политичката елита на дел од албанскиот народ што живее на Косово не прифаќа одбележување на државната граница на Република Македонија, веењето на знамето на Република Албанија во Република Македонија е дополнително проблематизирање на суверенитетот на Република Македонија.

Предлагачот на амандманот, со еден потез ги решава сите прашања и непринципиелности на кои инсистира албанската етничка заедница. Имено, амандманот на членот 2 став 2 зборува дека по зборот "особености", тоа е последниот збор од ставот 2, се брише точката и се додаваат зборовите, логично да биде јасно за јавноста, јас би го прочитал ставот 2 и амандманот.

Значи, под 12 - албанската етничка заедница се подразбира знаме, не на албанската етничка заедница, туку под знаме на етничката заедница во Република Македонија се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава.

Овој амандман дава негативна дефиниција на знамињата на етничките заедници. Тие знамиња може да бидат секакви, безброј можности дава, освен само една можност, а тоа е да бидат идентични со државното знаме на странска дсржава. Па, дури и таа можност е во опција, во случај ако одредена странска држава го смени своето државно знаме,а одредената етничка заедница во Република Македонија го земе тоа знаме за свое во Република Македонија.

На крајот, би кажал дека единствена работа, единствено нешто што го бараат граѓаните на Република Македонија од припадниците на етничките заедници во Република Македонија е на своето национално знаме да вметнат апликација или обележје на државното знаме на Република Македонија на кој начин би ја изразиле сопствената припадност кон и на Република Македонија и на кој начин би го поткрепиле и би го зајакнеле државниот суверенитет на Република Македонија, што впрочем произлегува и од самите припадници на етничките седцници во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Нема потреба за реплики, ве молам. Се е кажано, да завршиме со амандманите. Го слушнавме тоа. Јас ве молам да се откажеме од реплики, да завршиме со расправата по амандманите, во општата расправа по текстот можеме да си ги кажеме ставовите.

Но, бидејќи молбата не е услишана, повелете господине Џелили, имате три минути реплика.

**Зиди Џелили:** Ви благодарам господине претседателе,

Почитуван колега Краљевски, во текот на вашата дискусија во однос на овој амандман изразивте многу ставови за кои јас ќе настојувам да ви поставам некои контра прашања во смисла да се усогласиме. На пример како ја гледате Македонија?

Доколку ја гледате како мултиетничка, мултикултурна, мултикофесионална тогаш уште еднаш треба да се вратите кон Охридскиот рамковен договор и уставните измени за да се разјасниме затоа што поинаку се изјаснувате. Доколку Македонија ја гледате концептуално дека се почува со нас и завршува со нас и дека само вие сте тие што го штитите суверенитетот, а другите не, тогаш вие непосредно сте во спротивност со Уставот на Република Македонија и со Охридскиот рамковен договор.

Што се однесува на изгледот на албанското знаме вие се обидувате на албанците да им понудите знаме според ваш терк. Ова право го немам ниту јас, уште помалку вие. Ова е право кое што албанскиот народ го има реализирано во текот на својата историја и е оправдано ова право да се реализира и да се прифати како такво. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госопдине Краљевски повелете една минута.

**Чедомир Краљевски:** Јас во мојата дискусија говорев дека правото на изразување на сопствениот идентитет и суверенитет на албанската етничка заедница преку истакнувањето на знамето на туѓа држава во случајот на Република Албанија како свое знаме, односно знаме на албанската етничка заедница во Македонија не е поголемо од правото на сите граѓани на Република Македонија да го изразуваат својот суверенитет, односно суверенитетот на државата на која го пренеле својот личен суверенитет, преку нарушување со истакнување на знаме на туѓа држава со знамето на Република Македонија, кое е симбол и атрибут на државноста и на суверенитетот на Република Македонија. Тоа право на албанската етничка заедница во случајот е помало во однос на правото што го имаат сите граѓани во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити, повелете три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател,

Навистина е добро што господинот Чедомир Краљевски говореше за амандманот кој е предложен и од неговите колеги и од други пратеници, тоа е во ред но не е во ред кога говориме за симболите истовремено да ја отвораме темата на обележувањето на границата со Косово. Јас ќе го потсетам господинот Краљевски дека Словенија и Хравтска не ја имаат одбележано границата и немаат проблеми. Ние треба да учиме од овие случаи бидејќи не е добро да ги издигнувме натегнатостите поради прашања со кои реално Република Македонија нема проблеми со своите соседи. Но еве овде едно подолго време се настојува ова прашање да се актуелизира. Мислам дека ова е на наша штета, затоа што реално немаме ниаков спор со Косово односно одбележување на граничната линија.

Во однос на измената на знамето кое се настојува со овој амандман и се бара да се направи и од нас пратениците албанци, господине Краљевски треба да направите разлика што е националн знаме. Ние сто пати сме рекле дека ова е национално наше знаме. Ова не е знаме на некоја фирма, не знаме на некоја општина. Да земеме што има околу општината и да направиме едно знаме за тоа место, за таа општина, така што и вие треба да не разберете правично дека ова е национално знаме кое не сум го створил јас ниту моите колеги. Ова е наследено и многу нормално е, вие треба да не разберете од овој аспект и понатаму не е наше право, туку е наша обврска да се идентификуваме со тоа знаме. Со друго знаме не можеме да се идентификуваме затоа што тогаш не ќе бевме дел од тој народ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Јас сакам да кажам дека непопустливоста во ставот на припадниците на албанската етничка заедница во услови кога имаме кумулација на проблематизирањето на државниот суверенитет на Република Македонија и преку неодбележувањето на северната граница во делот кон Косово е дополнителна кумулација на проблемите и дополнителен извор на нестабилност и проблеми во живеењето, општественото живеење во Република Македонија.

Инаку јас не порекнувам дека не е национално знаме на припадниците на албанската етничка заедница, то тие сопственото живеење во Република Макеодонија и суверенитетот кој го имаат пренесено во Република Македонија, траба да го изразат макар со една мала апликација во ќошот на нивното нацонално знаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Повелете господине Крстевски имате збор.

**Зоран Крстевски:** Благодарам.

Јас сакам да изразам поддршка на амандманот кој го поднесоа госпоѓите Ристана Лалчевска и Милка Митковска од Пратеничката група на ЛП со кој се предлага знамето на заедницата да не може да биде идентично со знаме на друга држава со што мислам дека во потполност ќе се обезбеди уставниот принцип на Република Македонија, прифатено и во меѓународните конвенции и узанси, а тоа е знаме на друга држава да не може да се вее пред државни институции, заради тоа што на тој начин се доведува во прашање суверенитетот на државата.

Ова го кажувам од причина што секогаш кога зборуваме за Рамковниот договор заборaваме дека третиот партнер така да речам во потписите на тоа партнерство е меѓународната заедница и ако целиот свет во меѓународното право ги уредило овие односи, на начин на кој правото на етничките заедници да имаат свои симболи неможат да бидат идентични со државните знамиња, ќе го земеме случајот на грците во Албанија и нивното знаме, зар тие немаат исто такво чувство према своето знаме па морале да вметната апликации на грчкото знаме за да можат да го користат во општините во Грција, каде што имаат мнозинство.

Видете, ние цело време зборуваме за односите со Албанија. Меѓутоа еве еден друг пример, сакам од наша да речам средина што може да произлезе. По овој закон како што е предложен колку што го гледам веројатно во општината Шуто Оризари, ромите ќе го добијат тоа право врз основа на мнозинството да го истакнат своето знаме. Колку што знам тој симпатичен симбол кој е одраз на културната и друга димензија, духовна димензија на ромите во Република Македонија ќе биде истакнат и тоа е добро ако постои единство во таа заедница дека е тој симбол.Меѓутоа, јас колку што знам

годинава, или кога беше, имаше се, ромски конгрес во Индија и таму на тој конгрес Индија се прогласи за матична земја на ромите.Дали може да се случи, бидејќи ние знамињата, симболиве на етничкиве заедници нема да ги регулираме со посебен закон како изгледаат. Во некоја политичка констелација, промени во Шуто Оризари, да дојде некоја политичка групација да победи во локалните избори и да почне да протежира дека индиското знаме е тоа кое е нив ги идентификува и тоа треба да се вее пред државните органи на Република Македонија.

Мислам дека на Владата и е да се држи до меѓународните конвенции, меѓународното право. Со тоа ги дава лимитите, но воедно воспоставува и баланс овие наши желби да ги регулираме внатре во внатрешните односи не ја дополнуваат тензијата и не ги прошируваат анимозитетот и да создаваат лоша атмосфера во Република Македонија. Се се плашам дека вака како што ние правиме закон Македонија во некоја слика ќе биде како некој хотел со една ѕвездичка, со оглед на стандардот што го имаме. Никаде во светот, во Австрија, Швајцарија, Германци се, па не им текнува да го извлекуваат германското знаме кое ќе ја идентификува нивната групација, национална припадност на тој народ. Секаде тоа се извлекува на еден поинаков начин. Значи ако го решаваме прашањето на употреба на знамето на етничките заедници тоа требало да го регулираме во однос на локалната самоуправа, а во однос на истакнувањето пред државните органи навистина е доволно државното знаме како знаме кое ги истакнува атрибутите на државата и се користи во меѓународните односи. Има случај на пример во Епинал во Франција каде заради односите што ги има со Битола една улица која се вика Битола и на која има истакнато македонско знаме, но тоа е само одраз на една култура која го истакнува тој мултиетнички или космополитски поглед на таа држава. Ние сега пред државни органи да ставаме знамиња од други држави, не потценувам дали се работи за оваа или онаа, мислам дека не е меѓународно признато. Никој нема да не разбере што ние правиме. Според тоа мислам дека Владата не треба да ги кара граѓаните и да не доведува во ваков апсурд со денови да расправаме за нешто што е узанс во меѓународното право. Дури и во нашиот уставен поредок тоа е лесно препознатливо. Имавме таков случај пред Уставниот суд и мислам дека пред компромисот и во следењето на меѓународните принципи и во создавањето на поинаква клима лежи решението и на овој случај. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

(Господинот претседател излегува на говорница)

И јас можам да се пријавам, и јас имам право според Деловникот во секое време да се пријавам.

(Реакција на пратениците од место)

Не можам да се пријавам затоа што кај мене нема копче за пријавување. Треба да инсталираме копче.

Мислев да се јавам во врска со расправата по текстот на законот, но бидејќи насловот на мојата дискусија е член 2 став 2, значи ова е право време по овој амандман да се јавам за дискусија.

Почитувани колеги пратеници, почитуван пртставник на Владата,

Ние веќе три дена расправаме за законот за употреба на знамињата на етничките заедници. Јас три дена внимателно слушам, не само...

(Реакции на пратениците од место)

Не, овде нема да има дигресија, бидејќи зборувам за амандманот, така што кажувам аргументи зошто сметам дека амандманите не треба да се прифатат.

(Реакции на пратениците од место)

Мој стил, мој начин.

(Реакции на пратеницитеод место)

Добро, ајде нека биде така, дигресија од пет минути, три дигресии, бонус од три минути, затоа што сум прв меѓу еднаквите или еднаков меѓу првите, затоа што седам горе 8 саата, слушам, а вие можете да прошетате, па затоа три минути бонус.

Значи, три дена внимателно слушам, но не само затоа што како прв меѓу еднаквите тоа ми е дел од работата, туку да пресметам колку време ќе ни треба нашиот заробен ум со разни романтизми, од кои најстрашен е оној националниот и конечно да го ослободиме.

Искрено да ви кажам, се почувствувам некако задоволен, бидејќи пресметав дека за тоа најмногу ќе бидат потребни од 10 до 15 години, а може и порано.

Ќе се прашате како тоа го пресметав? Многу едноставно. Тоа е период кога сите ние или барем поголемиот број ќе заминеме од овие клупи и политиката и на наше место ќе седнат генерации кои се родени после 90-тите години и кои растат во овој нов систем, систем на парламентарна демократија, систем на плурално општество, систем на слободи и права на човекот, време на светска глобализација, каде се градат нови а дефинираат и редефинираат сите, ама баш сите стари, традиционални вредности и правила.

Систем, кој што сега ние со нашиот заробен ум се обидуваме да го градиме, а некако тешко ни оди, туку напротив, со секој наш настап, изјава и говор на народот и граѓаните им го нудиме јаболкото од сказната за "Снежана и седумте џуџиња".

Почитувани колеги, најкорисен збор во овие три дена расправа по законот и овој амандман, поточно на членот 2 алинеја 2 е зборот сувереност односно суверенитет олицетворено во симболот знаме.

Јас признавам дека значењето на зборот сувереност го познавав на ниво што значи општо знаење на еден, ако прифатите да кажам,

академски граѓанин, чија специјалност не му се правните науки или на нејзе сродни. Затоа консултирав научна и стручна литература и дојдов до следните сознанија: Имено, низ историјата поимот за сувереност има различно значење, но сепак срцевината на овој поим во политика смисла значи неоспорена и ефективна власт врз дадена територија кои денеска ги нарекуваме држави и владеење на законите на таа територија. Имаме носител на суверeноста, во нашиот Устав тоа се граѓаните како извршители, односно ако сакате чувари на суверeноста, а тоа се институциите на власта т.е. државата.

На мое големо изненадување никаде не сретнав во врска со суверeноста да се спомнува знаме. И затоа за мене не постои помеѓу знаме забодено на месечината и знаме забодено на Дивиот Запад се до моментот кога на Дивиот Запад му пристигна федералната војска да воспостави ефективна власт и владеење на законите.

Почитувани колеги, дури мислам дека изгласување на овој закон ваков каков што е предложен од Владата ја нагласува и ја зајакнува нашата сувереност бидејќи суверено право е наше и на секоја држава да носи закони кои соодветствуваат на реалноста иако како што пишува еден мој пријател во својата колумна "наспроти апсолутно воспоставена практика во светот која вели, малцинствата да не можат да ги користат знамињата на своите матични држави". Јас му благодарам што е внимателен со зборовите, па вели, "воспоставена практика", малку сум несреќен што го користи зборот апсолутно бидејќи филозовската суштина на Ајнштановата теорија на релативитетот не е дека се е релативно, не научната суштина, филозофската суштина.Не дека се не е релативно туку дека ништо не е апсолутно. Веќе само во даден краток временски период само личи дека е апсолутна пракса.

Затоа и велам дека носење на овој закон само ќе ја потврди нашата сувереност, можеби сега се чини како исклучок во светската пракса или екстремен случај, но драги колеги, еве што велат паметни глави за вакви случаи:Токму филозофијата на конкретниот живот не смее да се повлече и од екстремните случаи, туку може за нив да се интересира и мора со најголема можна мера. Исклуокот за неа може да биде поважен од управувањето не поради романтичната иронија за парадоксот туку поради тоа што сериозноста на еден увид оди подлабоко од јасните генерализации што се извлечени од оние што ординарно се повторуваат себеси. Исклучокот е поинтересен од правилото. Правилото не докажува ништо, исклучокот докажува се. Тој го потврдува не само правилото, туку и неговото постоење што произлегува само од исклучокот. Во исклучокот силата на стварниот живот навлегува низ површината на механизмот што станал тром од повторување.

А, протестантскиот теолог Сореј Керкахен вели уште во 19 век исклучокот ги објаснува и општото и себеси. Ако човекот сака да го проучи коректно она што е општо потребно е само да побара вистински исклучок. Тој многу појасно открива се отколку што тоа го прави општото. Бескрајните разговори за општото стануваат досадни. Постојат исклучоци. Ако тие не можат да бидат објаснети тогаш ни општото не може да биде објаснето. Тешкотијата обично не се забележува порди тоа што за општото се мисли и без страсти и со угодна површност, од друга страна исклучокот мисли за општото со интензивна страст. И, неслучајно тоа го кажал протстантски теолог бидејќи во тоа време, негово време, 19 век, апсолутна практика и вистина била учењето на Католичката црква.

Мислам дека драги колеги, од сето досега кажано јасно ви е дека мојот став не значи ниту предавство, ниту некоја ерест, туку додавање на камче во кулата која се вика слобода на избор и право на поединец, ако сакате и колективитет.

И на крај дозволете да завршам со завршните зборови на еден наш колега пратеник кога се дискутираше овој амандман "затоа би завршила со една парафраза на една изрека, да видиме што правиме за својата држава, да видиме што и правиме на својата држава и да видиме која е цената што и го правиме токму тоа". Драга колешке, во потполност се согласувам со оваа ваша парафраза, но јас ја прифаќам со друга конотација гледајќи ја од сончевата страна на улицата. Не сакам да бидам апокалиптичен или да судам некому, тоа ќе го оставам на времето кое е единствен и неумолив судија. Но, оваа изрека реторички добро срочена е само тоа, беше и остана само тоа.

Но, една друга изрека, еден друг историски и безвременски говор кој започнуваше со "ај хеф а дрин" и донесе просперитет на Америка бидејќи само после три години од изреката која вие драга колешке ја парафразирате претседателот на САД потпиша Закон против сегрегација на една процентуално голема заедница, ги направи сите граѓани на САД рамноправни.

На крај од памет ми е да бидам малициозен и некоректен да ја споредувам денешнава ситуација во Македонија со таа во 60-те во САД, но симболиката е важна. Затоа и јас сонувам дека ќе дојде кога сите ќе се чувствуваме рамноправни, чувствуваме, кога нема да чувствуваме дека некој на некого му дава, а некој од некого бара. Овој закон е еден чекор во исполнувањето на мојот сон.

Ви благодарам и да ве потсетам, не одговарам на реплики.

Бидејќи не одговарам, Најдовски, јас ќе седам таму, вие продолжете да ја водите седницата, бидејќи има многу за реплики.

Повелете.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Најпрвин сакам да прашам дали сите овие пријавени се за реплики или има некои за дискусија, освен Стаменков кој што е за дискусија. Останатите сите сте за реплики.

Продолжуваме понатаму.

Прв за реплика е господинот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, човек и да не сака да реплицира кога претседателот на Собранието зема збор мора да биде мотивиран.

Почитуван претседателе, ќе почнам од крајот, вие сонувате дека еден ден ќе се оствари вашиот сон, некој сонувал дека е биде "каптен лаѓе" ама лаѓата му отпловила. Очигледно вие ќе останете да сонувате бидејќи тешко е да се разбудите од сонот. Овој закон во никој случај нема да придоенсе да ви се оствари сонот, затоа што сонот најверојатно ќе биде илузија.

Сега се враќам на почеток, кажавте три дена внимателно слушавте, ние почитуван претседателе ќе се потрудиме уште повеќе да слушате затоа што очигледно е дека ништо не научивте од она што слушавте, затоа што да читавте правна наука како што кажавте, овие денови, а да зборувате за филозофија и никаде да не спомнете право, да го поистоветите суверенитетот со она што го кажувате дека знамето немало врска, мислам дека тоа е апсурд, мислам дека правната наука тоа не го познава.

Друга работа зборувавте и кажувавте за заробен ум, се искажавте, нашиот заробен ум, не знам на кого мислевте, јас лично не се чувствувам дека мојот ум е заробен, ако е вашиот тогаш ќе треба да се потрудите да се ослободите, во просторот и во времето, нормално.

Сега да се вратиме повторно на она што ние еве три дена го дискутираме, ако знамето не е израз и одраз на суверенитетот, тогаш зошто ни е знаме во Република Македонија, што тоа асоцира би ве прашал. Ако симболите на една држава исто така не асоцираат суверенитет, не кажуваат дека тоа е држава со такви симболи, ако химната исто така не асоцира, тогаш зошто ни се таквите работи. Тогаш нема потреба никој ни да се расправа за вакви закони, ниту пак треба да ги истакнуваме, нити пак со гордост да ни стојат овде.

Според тоа, претседателе, кога се зборува за знаме на една држава, треба навистина со почитување да го истакнуваме и да го истакнуваме како белег на суверенитет. Кога дозволуваме со ваков закон едно знаме на странска држава да се вее во друга суверена држава, тогаш навистина го доведуваме суверенитетот во прашање, затоа што таков пример нема никаде, тоа е унитарен. Јас не знам како можете ваков сон да сонувате за знамиња на суверени држави да се веат во Република Македонија, таков сон нема никаде во Европа, ниту во светот, очигледно само кај вас. Преиспитајте си го сонот затоа што не е во ред. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика за господинот Тито Петковски.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседателе, малку ми се три минути и ќе чекам збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Поповска Лилјана.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, по се што кажавте можам само да констатирам дека вам очигледно ви е лесен животот. Доволно ви е само да го следите патоказот и патот е ваш. Порано тоа се викаше директива, сега се вика лидерски договор. Како и да е суштината е иста. Блазе си ви.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Госпоѓо Којзеклиска повелете три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, екстремен случај во ова Собрание, тука сте вие. Велите дека не сакате да бидете апокалиптичен, меѓутоа имате некои апокалиптични мисли и искажувања кои во секој ваш говор ги кажувавте додека бевте пратеник во Собранието и за жал тие такви се остварија. Ние не сме толкувачи на сонови, не барајте ние да ви толкуваме сон, тука ви е Владата, таа е сега во функција на толкувач на сонови, таа има соновник и може да ви истолкува се што треба да ви значи тоа.

И, она што го рековте сакате после нас да дојдат генерации кои ќе бидат родени после 90-тите години. Убаво тоа што го викате, вие, ама ако воопшто останат млади тука, во Република Македонија, ако не се иселат од оваа Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Господин Илија Китановски, повелете три минути реплика.

**Илија Китановски:** Морам да кажам, во овие три минути ќе се обидам да го кажам тоа дека дискусијата на почитуваниот претседател на Собранието навистина беше за амандманот на законот за употреба на знамињата на етничките заедници, значи дискусија во еден филозофски манир, со еден, вака, доста патетичен тон и апсолутно не одговара ниту на неговиот стил, ниту пак одговара на расправата за конкретен амандман на еден конкретен и важен закон со кој што се дозволува или не се дозволува употреба на замиња на други држави како национални симболи кои ќе се вејат на државните објекти на нашата држава.

Она што е добро во неговата дискусија е тоа дека признава дека навистина е ова уникатен модел

или еден од ретките модели или исклучок во светската пракса, како што самиот кажа, и наведе неколку, по негово мислење примери кои што се позитивни, како исклучоци во светската пракса, меѓутоа мислам дека Македонија и воопшто овие балкански простори се доволно заситени од исклучоци кои што многу негативно се реперкуирале на историскиот развој на државите, на нациите и на народите на овие простори.

Значи, продолжуваме во стилот на Едвард Кардељ, каде што за прв пат во бившата држава беше измислен нов систем, ниту комунистички, ниту социјалистички, ниту капиталистички, туку некој вид самоуправен социјализам. Сега во истиот манир продолжуваме со употреба на законски решенија кои што се исклучок во светската пракса, по самото признание на господинот претседател и мислам дека со самото ова то го кажа, мислам дека би требало да биде еден од поддржувачите на овој амандман.

И, на крај, уште еднаш како реплика, значи не е спорна употребата на знамето на заедниците како нивни историски симбол во сите сегменти на приватниот живот и воопшто тоа не е спорно ниту има некој претензии или намера да го одредува. Меѓутоа, употребата на знаме на туѓа држава, на државни и локални објекти во друга држава, во случајов Македонија е недопуштиво.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Три минути, госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, пред малку ни порачавте дека треба нашот заробен ум да го ослободиме, па ни дадовте пример со светската глобализација, меѓутоа да ве потсетам дека праксата кажува токму во таа светска глобализација дека не се дозволува употреба на државни знамиња на територија на друга држава, посебно пред државни органи на локално ниво и пред локални самоуправи. Но, според вашите критериуми праксата во тие вропски цивилизирани земји е таква бидејќи не е ослободен нивниот заробен ум како што не е ослободен и умот на пратениците кои што предложија амандман со ваква содржина. Благодарм.

**Слободан Најдовски:** Благодарма госпоѓа Бонева.

Господин Ѓорѓиевски Михајло, три минути реплика .

Повелете господине Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Господине Љупчо Јордановски, ние овде ве избравме за претседател на Парламентот, не ве избравме за статистичар да водите вие статистика кој збор колку е пати е кажан.

Втора работа, вие покажавте дека не знаете дека знамето е симбол на суверенитетот на една држава. Според тоа, вие не сте достоен да го имате ова место, претседател на Парламентот .

**Слободан Најдовски:** Господине Михајловски, дали е достоен или не, си има процедура, ќе ве молам дискутирајте на дискусијата.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Трета работа, да протежирате екстремизам, како што рековте вие дека некој паметен ум рекол дека екстремизамот е излез.Екстремизмот значи е само кај мрачните умови, а вие тоа го покажавте со вашата дискусија. Значи екстремизамот е негативен и тој е кај мрачните умови, не е кај паметните умови. И затоа исклучете го тоа како принцип.

На крајот од сето ова што го кажавте, излезе дека вие не го заслужувате она што го имате, претседател на Парламентот.

Благодарам, толку.

**Слободан Најдовски:** Благодарам Ѓорѓиевски.

Ќе ве молам. понатамошните кои што се за реплики да се задржуваат на говорот и да внимавате на зборовите што ги употребувате.

Гсподин Оровчанец три минути.

Повелете господин Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе.

Прво би сакал да му обрнам внимание на господинот пратеник Љупчо Јордановски, првиот меѓу еднаквите, сега во првата клупа дека целиот говор му беше за жолт картон. Целиот говор ви беше за жолт картон. Вие воопшто не зборувавте ниту за амандманот. Према тоа друг пат воздржетесе од вашите дигресии кои ги упатувате до нас пратениците. Јас изброив три пати, а овде констатирам дека целиот говор.

Како сте го презентирале се прашувавте сами, а јас ќе ви дадам одговор. Го презентиравте како да сте ја доживеале гравитацијата, не како Њутон кој го видел јаболкото како паѓа, него како Њутон на кого јаболкото му паднало на глава.

Господине претседателе кога зборувате за романтизмот вие зборувате за утописко друштво. Тоа е вашиот романтизам.

Мојот романтизам е прагматизмот , а на оние што го бранат овој член од законот, романтизмот им е голема Албанија. Вие ја прифаќате тезата и романтичарскиот приод на развојот на големоалбанската идеја и држава. И кога зборувате за федералните власти и колчењето на земјиштето дефинитивно стигнавте до ситуација и да се однесувате како судијата Рој Бин од Тексас, ако ништо друго сте прочитале стрипови за него или некој филм и сега, после се што се случи, зборувате за ситуација "јас имам сон". "Јас имам сон" да, за суверена унитарна држава Република Македонија. Тоа е мојот сон. И просперитетна.

Вие сте тие кои тоа не го дозволувате.

И, господине претседателе, уште еден момент ќе кажам, ако некого го нареков овде за некој епископ, вие го презавидовте и вие сте дефинитивно Господин Господин Павле.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван претседателе,

Имате можност секогаш да не гледате во овчи, ние ќе мораме да излегуваме за да ве гледаме.

Јас би кажал она што вие го кажавте во вашиот говор. Она што кажувате дека за 10-15 години ќе го решиме она што значи наш национален заробен ум, тоа значи дека вие или имате автоцензура, дефинитивно или треба да работите според некого што некаде, во некоја крчма, биртија договориле нешто што вие тука треба да го реализирате. И тоа ако го презентирате како ваша идеја, мислам дека е катастрофално.

Во однос на сувереноста, она што значи знаме, господине претседателе, за тоа знаме многу од македонските синови проеале крв. Било чувано, било заштитувано, и денеска повторно со гордост го гледаме како на некоја изложба , бидејќи само таму имаме можност да го видиме некој се гордее со тоа знаме. Дали тоа е на Марс, дали е на Монт Еверес и некој го поставил, тоа е Македонско знаме, тоа е наше знаме и тоа е она што треба да не прави сите горди.

Кажувате дека правилото не потврдува ништо, дека за вас сето тоа е досадно и дека исклучокот претставува се. Значи она што во ниедна држава во светот не се употребува друго знаме на друга држава ,за вас е досадно а ова другото претставува се. Значи ако се употребува албанското знаме ние ќе одиме многу напред и сега, јас ќе ве запрашам, бидејќи кажавте дека не сте апокалиптичен, но треба да знаете она што денеска говориме, токму дојде од апокалипсата, што во Република Македонија го направија господата од ДУИ и од таа апокалипса се јави овој исклучок за кој што вие сега кажувате дека е позитивен.

Ако е така, повеќе нема што да расправаме и повеќе нема ни да ви реплицирам, а од друга страна, повторно ме интересира нешто друго, повторно сее враќате на предавството. По не знам кој пат, уште еден камен во таа кула на предавство, дали имате толку немирен сон? Дали се случува нешто со вашата потсвест за да можете сето ова да се обидите нам како пратеници да ни го наметнете и да ни го објасните?

Далеку е од вистината, далеку од сето ова што го кажавте. Но, во секој случај, вие го кажувате она што некој друг ви кажал дека треба туак да го донесеме. Затоа, господа пратеници мислам дека ќе треба да бидете поконцентрирани во наредните три дена и во овие дискусии за понатамошните амандмани што се поднесени од колегите и да недозволиме Европа да ни се смее, затоа што Европа ова ќе го потврди или ќе го ревидира и на тој начин ќе се вратиме повторно на истото и ќе расправаме тука повторна . . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете, три минути имате господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитуван претседателе,морам да излезам овде за да ве гледам.

Навистина, повеќе пати кажувате дека малку спиете. Се гледа дека малку спиете, затоа што до сега крајот на вашиот сон го немате видено. А, верувајте, крајот на она што го сонувате, според коалиционите партнери на власта, она што го имаат како цел, нема да биде вашиот сон за космополитска Македонија, туку може да биде сон што ќе заврши или со федерална Македонија или со поделба на Македонија.

За да не се случи тоа господине претседателе, ние мора да се грижиме за почитување на суверенитетот на територијата на цела Република Македонија. Тоа е и преку симболите, тоа е преку функционирањето на институциите на системот, тоа е и преку сите други активности што ги прави државата Република Македонија.

Почитувањето на националниот идентитет, почитувањето на јазикот на културата, на традицијата не е спорно. Вашиот космополитизам гледајте го во тој дел, а не во делот на суверенитетот на државата. Затоа што само на тој начин можеме да мислиме за иднината, а верувајте начинот на кој што се движат работите и она што се случува не води кон унитарност на Македонија, не води кон создавање на функционална држава, води сосема спротивно од она што се сака. Економско уништуваа Република Македонија, создавање на држава што ќе биде во една ситуација во која што нема да има никаков суверенитет, затоа што основната карактеристика на суверенитетот е политичката независност. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Стојановски.

Господине Кралевски, повелете имате три минути реплика.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван претседателе,

Се се случува во време и во простор. Нашиот народ рекол, се во свое време. Старите латини рекле "о темпора, о морес", "о времиња, о обичаи".Со протекот на времето се менуваат и односите кон одредени феномени. Но, дали просторот и времето сега, во Република Македонија и во САД во времето на Мартин Лутер Кинг се идентични? И, дали можат да бидат идентични?

Свртете се кон реалноста и видете ги опасностите над, во и околу Република Македонија. Тие се толку големи што го доведуваат во прашање опстојот на Република Македонија.

Вака лежерно, медитирајќи под некое дрвце, издвоено би рекол од шумата, не дозволете или разбудете се од сонот и не дозволите да се запали шумата, да ви се запали шумата. Чувајте ја.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Господине Флоровски, три минути.

**Александар Флоровски:** Добро претседателе, добро е, интересно станува. Фрливте шок-бомба, нема да реплицирате, но ќе си го кажам јас своето.

"Јас сонувам", се однесува на Мартин Лутер Кинф кој 1968 година заврши како што заврши, во еден мрачен период на САД каде што јасно беше изразена една расна сегрегација, знаете што е расна сегрегација и да правите парадигма, пример или паралела меѓу состојбите во Македонија и состојбите во тогашна Америка, апсолутно не држи.

Сонот за кој сонувате, прашање е дали ќе доуспеете да го досонувате. Вашиот космополитизам ми е познат. За жал, нашите заробени умови, вклучувајќи го и мојот, никако да се отргне од сопствениот патриотизам, да не кажам национализам, што во позитивна смисла на зборот значи љубов кон сопствената нација.

Малку работите ги гледам поинаку. Вие повеќе сте шетале од мене, така што вашиот космополитизам сте успеале да го развиете не во западно европските држави, претпоставувам некаде преку Барата.

Дали сме апокалиптични? Јас би кажал една друга работа, на Македонија не и се спрема апокалипса туку Армагедон, со законите што се носат и што ќе стапат во сила , за жал, прашање на време, каква ќе ни биде државата, како ќе опстојуваме и колку ќе опстојуваме со овој македонски народ кој живее овде.

И, споредбата, уште еднаш ќе кажам, меѓу таа расна сегрегација и овде она што е наметнато дека се врши некоја сегрегација по етничка основа, јас барем така ги разбрав работите, ако не ќе ми реплицирате, кај нас таква работа не постои.

Сакам да слушнам примери каде етничките заедници се сегрегирани или се самосегрегираат, самите се делат.

И на крајот. ќе завршам не со Мартин Лутер Кинг, туку ќе завршам со Ајнштајн, кој рекол една ваква работа, вие како математичар сигурно е знаете- ако се е релативно, постојат две работи кои што се безконечни, тоа е вселената и човековата глупост. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, мислам дека на крајот претеравте . . .

**Александар Флоровски:** Јас го цитирав само Ајнштајн, ништо не измисив. . .

**Слободан Најдовски:** Немојте да се лутите после кога . . .

**Александар Флоровски:** Еден нобеловец, кој добил Нобелова награда.

**Слободан Најдовски:** Кога ќе цитираат и други, немојте да се лутите.

Господин Шајноски три минути реплика, повелете.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван претседдателе на Собранието,

Ако сте таков каков што сакавте да се претставите со говорот, космополита и европјанец, не ми е јасно зошто веднаш не го ослободите вашиот заробен ум и не ја прифатите идејата да направиме ново знаме што ќе ја одрази денешнината на оваа држава , а не минатото.

Не е пристојно вакви демагогии да се сеат пред јавноста. Ако не е битно кое знаме каде ќе се вее, пробајте да ставите македонско знаме на објект во Албанија, Грција, САД или Германија. Дури тогаш ќе сфатите што е тоа знаме. И, нема да се обидувате, така лесно како сега, да прифаќате туѓи знамиња овде. Изгледа вие си живеете во вашиот сон. Но, ова, господине е јаве. Сон, овој народ, со векови нема од вакви предавства. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Последен за реплика господинот Пејоски Ристо.

Повелете господине Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам потпретседателе.

Обраќањето на претседателот беше типично обраќање на еден идеолошки заробен ум во послушност кој сега својата заблуда се обидува преку рационализација да ја пренесе на сите нас, односно сите да не зароби. Односно, својата заблуда да ја направи општа.

Вашиот проблем е претседателе што се ставате над народот, а не со народот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Со господинот Пејоски завршивме со репликите.

Продолжуваме понатаму со работа.

Збор има пратеникот Стаменков Ванчо.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе ги подржам овие амандмани што говорат за изменан на членот 2 став 2, односно дека едноставно знаме на странска држава не може да биде знаме на етничка заедница во Република Македонија. Тоа е работа што едноставно мора да биде вградена во овој закон.

Ние, не можеме да бидеме различни од останатиот свет, не можеме да бидеме различни од она што е вообичаена пракса во светот. Не може во една суверена држава да се веат знамиња на странски држави, како што е напишано во законот, на зградите на државните органи или пак на одредени државни институции. Тоа покажува дека тие државни органи не е јасна припадноста, дали е припадноста на странска држава, дали е тоа нивна амбасада, дали е тоа нивен, да речеме конзулат или некоја нивна може да се каже надворешна или внатрешна дури институција. Не е јасно под чиј налог работат тие институции каде е истакнато државното знаме на странската држава. Дали одговараат пред

албанскиот парламент и пред албанската држава?

Тоа некој сака да го постигне со овој закон, односно да го измеша суверенитетот во Република Македонија. А, има поддршка еве дури и од претседателот на Собранието еден ваков закон. Дали не навлегол длабоко во законот, да ги види сите консеквенци што ќе ги имаме во Република Македонија. А гледам и многу пратеници молчат и го прифаќаат сето ова. Очекувам дур и да гласаат по партиски налог, без разлика што не се согласуваат со овој закон, бидејќи не гледам аргументи да кажат зошто би гласале. Кои се тие аргументи што ги имаат за да гласаат по законот. Тоа значи партиска послушност па макар да изгубиме дел од државата. Не знам само како утре ќе се вратат таму кај граѓаните кои ги бирале и како ќе седнат на иста маса со нив заедно . . .

**Слободан Најдовски:** Зборувајте господине Стаменков за амандманот. Како ќе се вратат, тоа е нивна работа. Зборувајте за амандманот.

**Ванчо Стаменков:** Со овој амандман,како што реков, овој закон може и да биде прифатлив и да се изгласа, дури да биде подржан и од опозицијата , да добиеме една комплетна подршка, само треба да го усвоиме овој амандман да едноставно, знаме на странска држава не смее да биде знаме заедницата. Тоа е она што треба да го направиме. Треба да се попушти малку од страна на ДУИ, да си изберат знаме што ќе го изразува посебно идентитетот на албанците во Република Македонија и нивната историја, а што ќе биде слично на матичата држава Албанија.

Ние го бараме само тоа, а гледаме еден упорен, цврст став кој наведува дека она што ги води да се донесе овој закон не е изразувањето на нивните особености или идентитет, туку е нешто друго, тоа е обележување на територии. Она што не успеаа да го направат со војната во 2001 година, преку институциите на системот, сакаат да го направат и постепено ги обележат териториите што сметаат дека се нивни.

Тоа е така. Исто така со ова сакаат едноставно, рушејќи го суверенитетот на Македонската држава да ја подријат и да ја постепено ослабнат, бидејќи кога ќе имаме знаме на една странска држава во Република Македонија, знаме што го дефиниравме ние со Законот за територијална организација каде ќе се вее во тој Закон за територијална организација усвоивме, ова е веќе втората фаза, единствено во Кичево пречи, што се одложи за, мислам за 2009 година кога тогаш и таму ќе се вее албанското знаме, значи ќе имаме еден цел регион од Западна Македонија, навлегувајќи длабоко во Скопје, преку Чаир, Арачиново и Липково каде што ќе имаме на сите државни инстуции и државни згради албанското знаме.

Ова е многу сериозна работа. Кова велам албанското знаме не мислам на знамето на албанците, мислам на знамето на државата Албанија, без разлика како е тоа дефинирано во нивниот Устав, дали е тоа национално знаме или е државно знаме, односно официјалното знаме на Република Албанија. Така треба да ги гледаме работите дека ние, знаме на суверена, една соседна држава, Република Албанија, треба да го воведеме во употреба во Република Македонија, а не да го гледаме од другата страна, дека некој сака да си игра со националните чувства на албанците во Македонија, затоа што не сака да дозволи тоа знаме што е дел од историјата да го користат во употреба односно да биде нивно змне на заедницата.

Значи, воопшто не се размислува во правата насока, туку можеби и намерно не сака да се каже вистината, бидејќи навистина имаат нечесни намери овие луѓе да ги обележат новите територии што постепено сакаат да ги одвојат од Република Македонија.

Инаку, тоа го покажува сегашното делување војната во 2001 година, пушки во рацете, борбата за територии, тоа се покажа дека е така, не беше борба за човекови права, туку борба за територии, тоа е веќе издефинирано како такво, така што не можеме од еднаш да веруваме дека вие господа од ДУИ се борите да успеете да ги остварите или да ги искажете своите особености или идентитет.

Зтоа уште еднаш, еве ќе завршам, јас ќе кажам дека ќе ги поддржам овие амандмани и ги повикувам оние кои молчат, а се во Владината коалиција, и тие да ги поддржат овие амандмани, бидејќи ќе направат голема штета на Република Македонија, на сопствената држава. Ние немаме друга држава, ние имаме една држава, а тоа е Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

Се извинувам господинот Анастасовски, бара реплика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, се извинувам на господинот Тито Петковски, заборавив да се најавам дека сум јавен за реплика.

Да видиме како размислуваат и што мислат тие што молчат, што ги спомна колегата Ванчо Стаменков, да не испадне така дека ние молчиме, па да тргнам со еден ред.

По однос на овој амандман односно овие амандмани поднесени од колегите пратеници по однос на самиот Предлог на закон за употреба на знамињата, се спомнаа многу тези, се кажаа многу квалификации, јас мислам дека тоа се спомна и од самиот претходен дискутант, значи една од интересните тези што беше, беше тезата за Марс и за Месечина, мислам дека ја слушнавме и од претходниот, а и од други дискутанти, јас ќе ви кажам една работа дека цивилизираниот свет за кој би сакал да проговорам во овие три минути од мојата

реплика, успеа да се кажи на Марс. Значи, тоа ќе го поврзам со Мајкл Џексон кој даде два милиони долари да се кажи на Марс. Значи, цивилизираниот свет почна да оди на одмор на Марс, а ние овде уште расправаме за некои наши проблеми во Република Македонија. Истиот тој цивилизиран свет ќе го поврзам и со она што значи последниот напис во дневните весници. Вели во голем пресврт Лондон ги доби Летните олимписки игри 2012 година и тука се спомнуваат одредени цифри колку сето тоа ќе кошта.

Со ова сакам да кажам колега дека тоа всушност разговараат цивилизираниот свет. За тоа всушност се бори цивилизираниот свет, бидејќи јас сум еден од тие млади генерации, како што кажа и претседателот на Собранието, роден пред 1990, до 1990, по 1990 кои сигурно имаат поинакви сфаќања од дел од колегите пратеници и мислам дека ќе бидам еден од тие генерации кој ќе се бори Скопје да стане дел од една ваква цивилизациска придобивка и да се бори за нешто што навистина значи вредност, добивање на Летни олимписки игри 2000-00 да не ги спомнувам последните две цифри. Проблемот е на крајот на краиштата да се свртиме кон она што значи цивилизациски договор, цивилизациска придобивка да научиме да комуницираме помеѓу себе и да се договараме, а не на ваков начин некој да не го наречам со тешки зборови, примитивен начин на комуникација, треба да гледаме напред и треба да одиме напред, а да ги заборавеме сите овие настани кои ни се случуваа, за жал, секое лето, во последните три години.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

(Господинот Стаменков се пријавува за реплика)

Господине Стаменков имате право на една минута, но треба да се пријавите.

Повелете господине Петковски. Има процедура.

**Тито Петковски:** Благодарам.

Во право е господинот Атанасовски, ама ние денеска имаме друга тема на дневен ред, Предлог за изменување и дополнување на Законот за знамињата, односно Законот за употреба на знамињата на етничките заедници, ние не можеме да бегаме од дневниот ред.

Господине потпретседател, почитувани колеги, јас пред малку кога ми дадовте збор за реплика, реков дека малку ми се три минути после оној инспиративен настап на претседателот на Собранието, но пред се, мислев и чувствував за потребно да кажам уште некој аргумент во прилог на амандманот што го поднесовме заедно со колешката Поповска. Тоа беше, впрочем, можност еве да кажам нешто што мислам за дискусијата на претседателот, но уште повеќе, позначајно е што мислам уште аргумент плус во функција на поддржување на нашиот амандман.

Претседателот на Собранието, навистина му честитам, направи обид да се нареди во великаните на светската цивилизација, а бидејќи само за тие големи светски умови кои ја задолжиле човековата цивилизација, за нивната величина, за нивната грандиозност се дознава после многу, многу години. Од Џордано Бруно, па до денес, најголемите умови доживеале за своето време најсвирепи казни за да валоризацијата на нивното дело биде можеби после век или два века за цивилизацијата едно од најголемите придобивки.

Јас би сакал сонот на нашиот претседател на Собранието од се срце да биде реално за Република Македонија, тој употреби еден период од 15 години до 20 години кога новите генерации ќе дојдат. Сосема е природен стремеж на секој човек генерациите што идат по нас да бидат многу понапредни, поцивилизирани, попрогресивни да нудат многу поголем оптимизам, подобар живот, многу повисок степен на компромис меѓу себе, да се почитуваат, да се толерираат, да живеат поубаво, со еден збор.

Во тој контекст јас го поддржувам сонот на нашиот претседател и би сакал тој да биде реалност. Но, за жал, тој живее во Македонија, роден е во Македонија како и јас и хероите и големите умови во Македонија не завршуваат така среќно како во приказните или во историјата на светската цивилизација.

Да го спомнам само Гоце Делчев, тој умрел мошне млад и затоа сеуште останува некој репер за сонот на низа македонски генерации како треба да се гради човечкиот живот и смислата на ангажманот на човекот за својот народ, за својата држава, за својата историја, историјата на сопствениот народ. Да проживеал уште некоја година веројатно ќе сме го искомпромитирале и него. Но, еве, во среќа и несреќа човекот умрел многу млад, а знаеме како умрел и со големо задоволство што сите македонски генерации тоа го почитуваат. Сфатете го ова чисто како алузија на еден дел од дискусијата на претседателот на Собранието и во функција на реплика на претседателот на Собранеито.

Сакам да му кажам веднаш да помина на вториот дел дека јас сум правник по професија и сум легалист. Се залагам за спроведување на правните принципи. Владеењето на правото има универзална важност за светската цивилизација, бидејќи без владеење на правото нема демократија.

Во тој контекст беше и нашиот амандман, во тој контекст е и ова што сакам сега да го кажам. Значи, ако имаме право ако го почитуваме правото, ако ги почитуваме законите, ние можеме да разговараме за демократија, можеме да разговараме и за различни погледи, ние овде може да се разликуваме по многу прашања, но не смееме да се разликуваме по убедувањето дека пред се сме луѓе и дека треба да се почитуваме. Јас не си земам за право никому да кажам дека е со ограничен ум поради тоа што само спротивно мисли од моето мислење, или има поинаков став од мојот. Дај боже тие отворени или слободни

умови час поскоро да отворат перспективи многу подобри за Македонија. Но, јас не сум сигурен, тргнувајќи од она што и се случи на Македонија сите овие 15 години, а што и се случуваше и последните можеби 50-тина години заедно во една заедничка федерација, со други народи.

Според тоа, јас демократијата ја сфаќам, покрај другото, и како борба на мислења, преку борба на мислења да дојдеме до најпрогресивното решение, најкорисното за граѓаните на Република Македонија, независно на која етничка заедница припаѓаат и што е најдобро на Европските перспективи на Република Македонија.

Во тој контекст е говорено, не сакам да ги повторам дискусиите, сметам дека овој амандман треба да се прифати, само од три аргументи плус. Сега е сосема јасно дека ваков закон во Европа не постои. Беа спомнувани Словенија, Романија, но сосема е јасно дека таков закон не постои во ниту Европска држава. Не потои пример етничките заедници во Европските држави да ги веат знамињата на матичните земји. Тоа е дефинитивно точно. Бидејќи не ми беше тешко да го проверам тоа, тоа денеска не е тешко на никого да го направи, имате интернет, ќе влезете во веб-страницата на тоа и тоа министерство или таа и таа држава и ќе видите точно што се случува, што е реалност во таа држава.

Сега ќе спомнам само за Романија која беше овде цитирана од некоку колеги дека е пример како денес етничката заедница на Унгарците го вее унгарското знаме во Романија. Не ми беше тешко да проверам и еве што вели Уставот на Романија. Во член 107 од Уставот на Романија стои вака: За истакнување на знамето на Романија и интонирањето на националната химна и користење на печат и со грбот на Романија од страна на властите и јавните институции, Владата на Романија на 21 ноември 2001 година донесе одлука за усвојување на норми за истакнување на знамето на Романија, интонирање на националната химна и користење на печат и грбот на Романија.

На 7 март 2002 година, романската влада донесе нова Одлука број 223 со која изврши измена и дополнување на претходната своја одлука за спроведување на споменатите норми и притоа додаде член со кој се регулира користењето на белезите на етничките малцинства. Така по член 23 од нормите се додадени член 23.1 според кој етничките малцинства организирани во организации, унии и здруженија на национално ниво на своите манифестации можат да ги користат и сопствените белези. Ова е решението на Романија, Полска, оние денови го цитирав и кога реков дека сум легалист, сакам да си бидеме доследни на она што како држава сме го потпишале. Во Рамковниот договор стои, толку често беше спомнуван, јас уште еднаш ќе го цитирам, дека за изразување на идентитетот на етничките заедници во Република Македонија треба, покрај друго, на крајот стои да се користат и меѓународните стандарди и решенија и примени. Јас говорам дека такви меѓународни стандарди и примени, како правник и човек што инсистира на почитување на законитоста, меѓународното право кое е едно од темелните вредности на нашиот уставен поредок дека ваков закон во тој дел од Рамковниот договор кој е преточен во Уставот, не постои.

Затоа чувствував за потребно да ги изнесам уште овие три аргументи во полза на поддршката на амандманот кој го поднесовме не само јас и госпоѓа Поповска, туку и неколку други колеги од различна пратеничка група.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Повелете три минути реплика господине Џелили.

**Агим Џелили:** Благодарам господине потпретседател,

Иако дискусијата на почитуваниот колега, можеби беше директна дискусија, сепак ќе кажам нешто во однос на неговиот богат говор каде се занимаваше со големите умови, ќе ви кажам нешто почитуван колега дали вие сакате можеби повредувајќи ги правата на другите, овој пат правата на Албанците за употреба на симболите кои, уште еднаш ќе повторам, историски е дефиниран симбол, се обидувате да влезете во рангот на граѓаните или во рангот на големите умови во историјата на овој регион или пошироко.

Што се однесува до тоа дали ваков закон постои во други држави, мислам дека Република Македонија е една со своите карактеристики, со своите правила, со своите природни закони и доколку вие познавате некоја друга Македонија, тогаш ќе беше добро да говорите за таа Македонија. Јас ја познавам само оваа Македонија која апсолутно треба да се почитува, треба да ги почитува стандардите и критериумите кои се хармонизирани и усогласени со Рамковниот договор и токму поради тоа ние сме тие кои треба да имплементираме ваков критериум со цел да ги елиминираме сите причини кои можат евентуално да не извадат од ситуациите од минатото и да се вратиме на иднината.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Петковски.

**Тито Петковски:** Сакам само да подвлечам дека апсолутно немав намера ниту направив со својата дискусија нешто што оди во насока на навреда на Албанскиот етнос во Македонија или да ги повредам чувствата на Албанците во Македонија. Напротив, инсистирав на доследно почитување на Уставот и Рамковниот договор, бидејќи само на тој начин ќе бидеме поблиску до реалноста за која се залагаме да создадеме услови во Македонија под еднакво добри за сите припадници, за сите граѓани, без оглед на етничката припадност, бидејќи чувствата можат несакајќи да бидат повредени на друга етничка заедница.

Според тоа, јас сум за доследно почитување на Рамковниот договор и на Уставот и законите на Република Македонија.

Благодарам.

(Во 12 и 59 часот со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Митковска.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, просто неверојатно цели три дена, четврти ден веќе поминува, ние расправаме за иста материја и никако не можеме да се убедиме дека употребата на знамињата на заедниците не е забрането да се употребуваат во Република Македонија, но во приватниот живот, односно во приватните традициски и обичајни редови, но не и во државните односно службена употреба.

Токму, заради тоа слушавме дискусии кои повеќе дискутанти се навраќаа на минатото, други зборуваа за иднината, но за мене минатото е само историја. Не сакам да живеам со минатото и не би требало да живеат и другите во минатото и во историјата.

Да живееме за иднината, но да не ја заборавиме и денешницата, за што само таа е реалност и само таа ни е подарок. Така рекол еден американски писател, тоа е Дел Карнеџи кој во делото "Радувај се на животот", рекол токму така. Минатото е историја, иднината е мистерија, а сегашноста е подарок. Да уживаме во подарокот, да му се радуваме на животот во сегашнината, да не и робуваме на минатото и на историјата во која и нашите претставници на заедниците, па и одредени наши луѓе сакаат да останат заробени во минатото. Но, да не очекуваме со вакви закони предложени дека и иднината ќе ни биде розова, за што и самиот автор рекол дека е таа мистерија, а не сакам нашата да биде најнесериозната мистерија, бидејќи на тој начин нема да им донесеме добро ниту на нашите деца ниту на оние што ќе ја дочекаме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарма госпоѓо Митковска.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, чувствувам потреба уште еднаш да образложам во контекс на амандманот каде што сум подносител.

Ако можеме уште со некои аргументи кои што би биле во прилог за прифаќање на амандманот, морам да признам претседателе дек анемав намера да зборувам по втор пат, меѓутоа ме инспириравте вие, а преку вас би скал сега полемизирајки повторносо вас, но не во вид на реплика да кажам уште некои аргументи кои што можеби не сум ги кажал.

Значи, се кажа се буквално во правец на тоа дека ваквиот амандман е неопходно потребен доколку треба да опстои еден ваков закон. Се зборуваше за Одлуката на Уставниот суд, меѓутоа Одлуката на Уставниот суд се кажуваше во неколку реченици како показател дека еднаш Уставниот суд за ваков или сличен закон одлучил, што самата Одлука која што е донесена на 18 ноември 1998 година е веќе уставна норма. Сега ви сакал Одлуката на Уставниот суд, која е пред мене, објавена во "Службен весник" од 9 декември 1998 година број 58 заради запознавање и вас претседателе, особено вас бидејки сега кога ќе читам одредени одредби од таа Одлука ќе сватите дека не треба да живееме во сон, туку во јаве и ќе сватите дека правната рамка не е филозофија туку е право и дека малку многу повеќе внимание треба да се посвети за да се разбере што е правна наука и да се консултираат неколку тереотичари, да се прочитаат една или две книги,

Во Одлуката на Уставниот суд, ќе цитирам што има наведено во образложението. Точка 5 од Одлуката вели: "Согласно член 5 од Уставо тна Република Македонија државни симболи на Републиката се грб, знаме и химна кои се утврдуваат со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници", ова не е ништо спорно.

Понатаму, од оваа одредба произлегува дека Уставот упатува државните симболи, потенцирам претседателе, слушајте ме внимателно, упатува државните симболи со кои се изразува државниот суверенитет и територијалниот интегритет на Република Македонија да се уредуваат со закон што се донесува со двотретиснко мнозинство од вкупниот број пратеници. Значи сега не ви одговара Жарко Караџоски како пратеник дали знамето, симболите се одраз на суверенитетот и интегритетот на една држава. Сега ви одговара Уставниот суд уште 1998 година и кога сте сакале да учите право или да употребите правна терминологија, не само математички бројки и т.н., во таа литература која што сте ја читале ви недостасува оваа Одлука на Уставниот суд, а најверователно и Уставо тна Република Македонија. Значи, повторно ќе повторам, државните симболи со кои се изразува државниот суверенитет и територијалниот интегритет на Република Македонија. Значи, не е случајно зошто е двотретиснко мнозинство. Продолжувам понатаму.

Ваквата формулација и одредба според судот не остава простор ниту можност за постоење на закон со кои припадниците на националностите, тогаш таканаречени,сега заедниците кои живеат на територијата на Република Македонија а чии матични делови кои по правило живеат во други земји ќе го изразуваат својот идентитет со државни симболи, повторувам, државни симболи знамиња на матичната земја.И тоа да го расчистиме.

Одиме понатаму.Уставниот суд понатаму го кажува следното, не одам по ред затоа што е големо образложението, имајки го во предвид следното:"судот оцени декаодредбата од членот 48 од Уставот гарантирајки им го правото на

припадниците на националностите да го изразувззт, негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености се однесува на негување, изразувзње и развивање на нивните обичаи,култура, јазик и традиции преку културно и уметнички институции, научни и други здруженија и повторно следете ме внимателно господине претседателе,што не значи дека во оваа група може да се подведат правата на државни симболи на матижните земји, како што се грбот, знамето и химната.Знажи кога зборувам за матични земји, односно кога Уставниот суд зборува за матични земји се мисли на Албанија како матична земја на албанските националности во Република Македонија или сега според уставните измени, албанската заедница.

Според тоа, уставната гаранција за заштита на етничкиот, културниот јазичниот и верскиот идентитет на заедниците не може да се изразува преку давање можност односно донесување на посебни закони за употреба на знамиња. Можеби ова сега нема да најде примена затоа што во уставните амандмани од 2001 година внесовме можност да може и тоа не го негираме, но понатаму ќе прочитам зошто не може да биде испоред мислењето на Судот и според нас зошто тоа не може да биде знаме на странска држава.

Значи, Судот цени дека Уставот е јасен кога вели дека знамето е ededн од државните симболи. Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија поради што за остварениот закон е неспорно дека тој не може да обезбеди друго право во корпусот на основни човекови слободи и права што треба да се имаат во предвид во однос на целината на Уставот.

Кога од правото на припадниците на националностите слободно да го изразуваат својот етнички идентитет би се подразбирало исклучиво изразување на националната припадност, тоа сепак според проценката на Судот, ова е многу битно да го слушнете, не може да значи дека истото ќе го вршат преку национално знаме кое сами ќе го определуваат, а уште помалку таквото знаме да може да се совпаѓа со знаме на друга држава. Да го повторам ова уште еднаш. Значи уште помалку таквото знаме да може да се совпаѓа со знамето на друга држава. Зошто го повторувам ова два пати?

Претседателе и почитувнаи колеги. Сега нема да зборувамкако политичар тукукако правник.

Кога Уставниот суд, независно кога, независно во кој состав, независно дали е тоа по волја на некого или не донесол една ваква Одлука тоа во правото, во правниот систем значи уставна норма, или во превод закон, или можеби Устав. Значи, дека тоа е изборно право и дека таа еднаш донесена уставна норма обврзува и значи дека не може да се менува. Што значи сега ова? Повторно ќе повторам, таквото знаме да не може да се совпаѓа со знамето на друга држава.

Оттука почитуван претседателе, почитувани коелги ние го поднесовме амандманот за да овој закон, доколку се усвои и ако треба да се усвои има уставен основ, затоа што во спротивно ако не се усвои амандманот, амандманите што ги поднесовме овој закон усвоен вака како што е предложен мора да падне на Уставен суд независно колку таму ќе седат, какви луѓе ќе седат, дали има припадници на албанската етничка заедница, дали нема независно, затоа што ако е вистински Уставен суд тој мора да ја почитува оваа одредба која е задолжителна како уставна норма и закон. Со тоа многу професори, теоретичари, практичари овие денови го расправаат и тоа е така. Ако не верувате, покрај она што го кажавте советувајте се и со таков дел. Јас би ги препорачал со професорот Шкариќ, со профеосорот по уставно право Саво Климовски, Гордана Сиљановска и т.н. Значи, можете да се консултирате со нив и ќе видите дека тоа е така.

Сега, можеби некој ќе каже што се бланирате вие, што зборувате и што поднесувате амандмани, одете на Уставен суд, тој нека ја реши судбината на овој закон. Меѓутоа, ние како пратеници ќе биде срамота и срамно покрај дипломи кои ги имаме, јас како дипломиран правник, адвокат и т.н. да седам во овие клупи и премолчам за една повреда ваква каква што е на Устав и нешто што не може да помине. Нормално мора да го искажеме и нормално дека треба да се бориме и избориме преку амандмани да дојдеме до текст кој што ќе биде усогласен со Уставот. Мислам дека не е лошо да ги прочитам и останатите образложенија што ги има во Одлуката на Уставниот суд, но ќе одземам време и она што е најбитно и најсуштинско го кажав и го прочитав, така да би сакал да обрнам внимание особено на пратениците на албанската етничка заедница кои така ревносно сакаат да ја свртат работата на друга страна како да некој им брани нешто, меѓутоа или тие ваквите одлуки не ги читаат, или не сакаат да ги читаат, или пак не ги разбираат што значат одлукит ена Уставен суд и мислат дека со тоа што ние сега како пратеници, еве да речам од опозицијата сакаме да направиме корекција и сакаме една нерпавда да не помине во Собранието, затоа што верувајте ако постоела можност, ако постоело било каков правен основ она што сега ние со овој закон го носием ќе го и мало и во другите земји почитуван претседателе. Ако знамето не било одраз на државниот суверенитет, па можевме да си земеме, сепак тоа е одраз на суверенитет. Тоа го кажува овде многу јасно, децидно самиот Уставен суд. Според тоа, ако Република Македонија во Уставот е дефинирана како унитарна и суверена и независна држава таа мора така и да биде. Унитарна држава со белези на два суверенитети не може да биде. Тогаш или ќе треба да го менуваме Уставот во делот на суверенитетот однсоно каква држава е оваа, унитарна или не, или ќе мора да го укинеме односно да не го донесеме овој закон. Значи, нешто е различно. Јас во никој случај нема да се согласам да го менуваме Уставот во делот на

суверенитетот односно дали Македонија е унитарна и од друга страна не можам да се согласам со тврдењето на симпатизерите или со заљубениците во Македонија од албанската етничка заедница кои што овде ни кажуваат колку многу ја сакаат и колку многу ја љубат, а од друга страна колку многу се залагаат за нејзиниот унитарен карактер, а по секоја цена не сакаат да се откажат од она што значи знаме на друга држава како нивни национален белег. Значи, ако навистина постои искрена желба сите ние граѓани на Република Македонија, независно на етничката припадност сакаме Република Македонија и понатаму да биде онака како што е дефинирано во Уставот, унитарна, суверена и т.н., ние ваков закон со ваква одредба не смееме да донесеме. Не смееме и верувајте јас би сакал да имавме простор, би сакал да имавме и можност, бидејки во нашите експерти очигледно не се верува, бидејки нашите експерти по се изгледа никој не ги слуша, еве јас би дал предлог да застанеме овде, да ја прекинеме седницата, да се сложиме сите пратеници од сите пратенички групи да ја прекинеме оваа расправа, да ги повикаме меѓународнит еексперти, експерти кои што ја познаваат оваа проблематика со оглед дека и тие се потписници на Рамковниот договор, и тие беа посредници или оние кои што на некој начин имаа учество во она што значи обврска од Рамковниот договор, да ги повикаме експертите, нека го истолкуваат и нека кажат и тие, еве да не се препираме само ние, нека кажат дали една ваква одредба во членот 2 став 2, поточно употребата на државно знаме на туѓа држава да се вее слободно покрај македонското знаме во една унитарна и суверена држава е меѓународно право или не е. Ако тие го потврдат и кажат да, може тогаш да продолжиме таму каде што застанавме и да не правиме проблеми. Јас сум убеден затоа што Рамковниот договор во точка 7 упатува етничките заедници да можат да користат свое знаме и симболи, но во согласност со меѓународните правила и примери. Според тоа нека дојдат и нека ни кажат експертите какви се тие меѓународни правни случаи кои очигледно ние овде или не сакаме да ги знамеме, или не сакаме да ги читаме, или не сакаме да ги слушаме. Еве лично би го повикал господинот Солана што имаше обичај да доаѓа на секој повик телефонски додека беа уставните амандмани, нормално кога албанците ќе го повикаа овде веднаш доаѓаше, па за секоај буквално реченица, за секоја точка и запирка сугерираше како треба, еве го зошто тоа да не го искористиме и сега. Зошто да кршиме копја, да знаеме дека ќе донесеме еден закон кој утре никој нема да го сака и верувајте дека никој нема да го почитува. Прво, нема да го почитуваат албанците иако сега велат овој закон дава можност да се вее и државното знаме во западниот дел на Македонија, јас сум убеден и стопосто сигурен дека тоа стопостонема да се случи. Нема да се случи, само ќе му го легализирам она што е до сега. Според тоа да не бидеме во заблуда, да го направиме тоа.

Или друг предлог. Нашиот претседател на ВМРО-Народна партија, господинот Љубчо Георгиевски овде даде еден многу умесен предлог. Ако сме унитарна, суверена држава зошто  ни се сто знамиња да се веат, ајде повторно да ја прекинеме оваа седница, да запреме со оваа точка, да се договориме да донесеме едно унитарно знаме кое ќе биде белег за сите нас како граѓани и кое ќе го почитуваем сите. Зошто нис е потребни илајда знамиња. Значи, даваме предлози, очигледно никој не сака да ги слуша,очигледно не постои волја затоа што албанскиот блок, не блок туку партијата на власт сака да го истурка она што го договорила со нејзиниот коалиционен партнер, но тоа нема да има резултат. Инаку, почитуван претседателе, бидејки ние сакаме да покажеме конструктивност, нудиме предлози и јас и другите пратеници, кажуваме дека не е проблемот во тоа што ние се противиме на тоа дека употребуваат знаме како етнички заедници туку сега да изнајдеме консензус, да изнајдеме решение на сите да ни одговара.

Инаку јас морам да ви кажам дека ние како пратеничка група, сите пратеници се сведоци правиме максимум да ве убедиме сега најмногу вас, затоа што после оваа дискусија што ја слушнавме очигледно ви треба многу убедување, а пота и сите други пратеници, па дури ако може и Владата, иако е индикативно цело време овој закон да го застапува заменик минситерот, не ми е јасно каде е минситерката за правда и зошто таа воопшто не присуствува овде, можеби исто мислиме и да оставиме простор да се разубедиме и да ваков закон не помине. Инаку јас ви најавувам покрај сета оваа работа што како пратеничка група ја правиме доколку овој закон се усвои првиот ден ВМРО-Народна партија ќе поднесе иницијатива во Уставниот суд, тоа ќе го нарпавиме сигурно и убеден сум и сигурен дека тој закон доколку посто правна држава и Уставен суд, доколку се знае што е уставна норма мора да падне. Тоа е едната работа.

Доколку тоа не се случи почитуван претседателе, почитувани колеги ВМРО-Народна партија и ние како пратеничка група повторно ќе ги користиме сите можни средства кои што ни стојат на располагање дадени со Устав и со закон оваа неправда, ова предавство, незнам како ќе го наречам кое би ни се случило да го спречиме и ваков закон да не постои во Република Македонија, особено не можноста да се вее странско знаме на туѓа држава во унитарна и суверена Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Има ли потреба од реплика?

Господине Арифи имате три минути право на реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, Бидејќи сите дискусии и во текот на расправата, но и за предложениот амандман се исти расправите, дискусиите и оваа реплика

може да биде директна, непосредна, насочена на колегата Караџоски, но би била една општа реплика бидејќи сите спомнуваат дека со употребата на националното знаме на албанците ќе се повреди сувереноста на Република Македонија. Знаејќи дека националното знаме е симбол на уживањето на правата на граѓаните на една држава, што значи дека албанците во Република Македонија говорат на албански јазик во овој Парламент, тие го употребуваат албанскиот јазик во судовите, го употребуваат албанскиот јазик во основното, средно и високо образование. Знамето е симбол на овие права и тоа е национално знаме. Ние не го именуваме како знаме на една држава бидејќи тоа е знаме кое е постаро и од самата држава Албанија. Значи доколку употребата на албанскиот јазик не го повредува суверенитетот на Република Македонија тогаш не разбирам зошто употребата на знамето како симбол на овие права може да ја загрози Република Македонија. Навистина ова не го разбирам.

Одиме понатаму. Овде се спомнаа и многу зборови, како на пример, за доброто на нашите деца, за доброто на нашите граѓани, добро е овој закон да се повлече. Напротив за доброто на ситте граѓани е добро овој закон да помине, да се изгласа и Законот за употреба на јазиците да се донесе бидејќи сите контакти со претставници од меѓународната заедница што сме ги имале со приоритет беа имплементацијата на Охридскиот договор, што значи неопходно е ние да го ориентираме нашиот потенцијал во остварувањето на тоа и во однос на законодавството и употребата и практичната имплементација на Охридскиот договор.

Значи ова е придобивката што ќе им донесе добро на граѓаните на Република Македонија и исполнувањето на тие параметри кои што го бара меѓународната заедница од нас, а не со блокади како што настојуваме ние овде, секој закон од Охридскиот договор да има блокади.

**Љупчо Јордановски:** Контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити, би било добро да се прифати овој закон, тоа е неспорно само доколку се прифати овој амандман, затоа што прифаќањето на овој амандман кој што ние го предлагаме ќе спречи она за што цело време јас зборувам, како знаме кое што би било белег на вашата етничка припадност во Република Македонија да не можете да користите странско знаме, односно знаме на туѓа држава затоа што знамето го повредува суверенитетот, јазикот во никој случај не е белег ниту државен симбол ниту преку јазикот се изразвува суверенитетот. Тоа се основни работи што значи суверенитет и што значи држава. Сега не би сакал да се враќам, да ви држам теорија, меѓутоа, јазикот е сосема друга категорија, а знаме е сосема друго.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Госопдине Алити три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, колку пати доаѓаат закони кои произлегуваат од Рамковниот договор, пратениците од ВМРО дискутираат во овој стил секогаш и во текот на донесувањето на Законот за официјализирање на Тетовскиот универзитет, во текот на донесувањето на законот за териториjалната организција, законот за државјанстство и да не ги набројувам другите закони, истата реторика ја слушаме за тоа дека се растура Македонија, дека се федерализира Македонија, дека по донесувањето на овој закон нема да имаме унитарна држава и така натаму. Ова во минатото не се случи. Ние овие закони сме ги донеле и Македонија е таа држава како што е според Уставот предвидено и напишано.

Господине Караџоски, гледам дека во последно време пратениците на ВМРО-Народна меѓутоа и другите најблиски теми или најслатки теми би рекол им се темите за федерализацијата или излегуваат со предлози за дводомен парламент и така натаму. Или, вашиот лидер излезе овде со друг предлог да направиме едно заедничко знаме. Јас ќе ви кажам, повелете, предложете закон за тоа и ќе расправаме. При тоа немојте да давате предлози и понуди за да сватат гледачите дека давате некои мудри предлози во оваа насока Повелете со конкретни понуди и предлози. Предлагајте закони во оваа насока.

Јас ве разбирам сите тие аргументи што се обидувате да ги понудите тука дека ДУИ нема добра волја во оваа насока. Не е прашање на волја, ние сме ви кажале и ви кажуваме дека тоа е национално знаме. Меѓутоа, кога некој не сака да направи некоја работа причина за да не ја прави таа работа, ќе изнајде причини еден куп, и ќе собира аргументи во таа насока колку сака, зошто не би сакал да ја прави таа работа и токму тоа го правите вие денес, пратениците на ВМРО-Народна дека кобајаги треба да се повлече законот.

Ваше право е да се жалите до Уставниот суд и така натаму. Меѓутоа, вие се повикувате на една поранешна одлука, јас повторно ќе ви кажам дека таа одлука била политичка одлука и таа не ја води Македонија кон нашата заедничка цел. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, една минута повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити, се што вас не ви е по ќеф е политичка одлука, дали е Уставен суд не е битно, тоа се политички одлуки што вас не ви е по ќеф.

Во кој стил ние зборуваме, тој стил ќе го задржиме секогаш кога вакви неправди се прават во Република Македонија, тоа да ви биде јасно. Кој е пак вашиот стил и тоа ни е јасно, мудро си молчите и реплицирате, ама каузата си ја терате. А, јас ќе ви кажам дека нашиот предлог што го кажа тука лидерот е сериозен и ние сме подготвени да ви понудиме тука решение, но доколку го запреме овој закон, да ја запреме оваа расправија овде, да го повлечеме овој закон, да седмене како координатори на пратенички групи да се договориме и да ја прекинеме расправата.

Ние ќе ви дадеме предлог и да донесеме таков закон во кој што ќе имаме едно единствено знаме, нормално тогаш нема да важи ваков и нема да има потреба од ваков закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседател, бидејќи многу расправавме по Предлогот на законот кој што е пред нас и по амадནманот на членот 2 став 2, јас нема да имам долго образлагање, се јавив за збор само од една причина уште еднаш да се обратам до колегите пратеници од парламентарното мнозинсто, да ги потесетам како пратеници во овој Парламент имаме обврска да го почитуваме Уставот на нашата држава Република Македонија и одредбата од членот 1 став 2 кој што јасно кажува дека суверенитотот на државата Република Македонија е неделив, најпрвин, па неотуѓив и непреносплив. Значи, имаме обврска да го почитуваме Уставот на Република Македонија. Во исто време имаме обврска да ја почитуваме и одлуката на Уставниот суд од 1998 година која што многу јасно кажува апсолутно за идентична одредба од Законот од 1997 година, законот за знамиња на етничките заедници, исто се работи за членот 2 став 2 каде што многу јасно и идентично е кажано дека се остава можност етничките заедници да употребуваат државни знамиња на туѓи држави на територијата на Република Македонија и тоа е оценето од страна на Уставниот суд како загрозување на суверенитетот на нашата држава Република Македонија. И повторно ќе кажам имаме обврска како Парламент, како пратеници во овој народен парламент да ги почитуваме одлуките на Уставниот суд бидејќи тие се уставна норма.

Понатаму,ќе ги потсетам колегите пратеници на обврските од Рамковниот договор. Обврските исто така од точка 1-2 каде што јасно и гласно кажува дека суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Почитувани колеги, не го сочувуваме унитарниот карактер и суверенитетот на државата Република Македонија доколку не вметнеме одредба и во овој закон дека и дентични знамиња, знамиња кои што се идентични со знамиња на туѓи држави, значи и државни знамиња на други држави дека не смеат да се вејат на територијата на Република Македонија. Ако нема ваква одредба тогаш не го почитувате ни Рамковниот договор без оглед на тоа што не само ние како политички партии сме се обврзале да го почитуваме туку гарант на тоа се и меѓународните претставници.

Исто така, повторно ќе ве повикам да се потсетите и на точка 7.1 од Рамковниот договор која што јасно не обврзува дека употребата на симболите на етничките заедници мора да биде и самите симболи на етничките заедници со тоа, со почитување на меѓународните правила и примени.

Многу зборувавме што се меѓународните правила која е меѓународната пракса на која што е обврзува Рамковниот договор и многу јасно е за сите граѓани во државата, верувам и вам дека меѓународната пракса јасно зборува што значи упoтреа на туѓо државно знаме на територијата на друга држава. Или екстериторијаолност или означува триторијални претензии или пак означува делење на суверенитетот или означува федеративна држава или е конфедеративна штом се употребува знаме на туѓа држава на територијата на друга земја. Значи тоа е по однос на Уставот и по однос на Рамковниот договор.

Сосема накратко повторно ќе ве повикам и ќе ве потсетам дека како пратеници сме должни да носиме кои што не се во колизија со законите кои што досега сме ги носеле. Имаме донесено во овој Парламент, не ние, не нашиот состав, меѓутоа, претходноит состав кој што исто така бил обврзан да го почитува Рамковниот договор и новите услови кои што произлегоа од Рамковниот договор кои што се преточија во уставни амандмни, а тоа е да го почитуваме членот 10 став 3 од Законот за локална самоуправа каде што многу јасно кажува знамето на единиците на локалната самоуправа не смее да биде идентично со друго државно знаме. Што значи тоа почитувани колеги, која е логиката на внесувањето на едно вакво во законот за локална самоуправа. Тоа е дека не смее друго знаме да се користи на локалните објекти кое што ќе биде идентично со знаме на друга држава.

Ние сега пак носиме закон со кој што даваме можност на државни органи на локално ниво, значи државни органи кои што го изразуваат суверенитетот на државата на локално ниво да се вее знаме на туѓа држава. Значи, апсолутно имаме колизија, не дозволуваме на локални самоуправи туѓи државни знамиња,а дозволуваме на државните органи кои што го покажуваат суверенитетот на државата Република Македонија да се вејат знамиња на туѓи држави. Мора да имаме усогласеност. И мораме како што има внесено одредба во законот за локална самоуправа со која што се кажува дека не смеат знамиња на туѓи држави да бидат идентични со знамиња на локални самоуправи апсолутно иста одредба треба да постои и во овој закон, во Законот за знамиња. И, токму заради ова една од причините за давањето на овој амандман е праксата која што произлегла од Рамковниот договор и од уставните амандмани.

Услов за изразување на мултиетничкиот карактер на Република Македонија, почитувани колеги, не може да биде само исклучиво употребата на државни знамиња на други држави на територијата на Република Македонија без оглед на тоа што етничките заедници на тие знамиња ги чувствуваат како свои нацинални знамиња.

Ако колегите пратеници од абланската етничка заедница кажаа дека како нивно национално знаме ќе користат една од официјалните модификации на албанското знаме кое што во

последните 80 години било официјално применувано тогаш немаше да има никаков проблем бидејќи не е знаме кое што е идентично со денешното знаме на државата Република Албанија. Значи, апсолутно ништо немаме против употреба на знамиња на етничкие заедници кои што тие сметаат дека го одбележуваат нивниот интегритет етничка заедница, меѓутоа не може тоа знаме да биде идентично со знаме на друга држава.

Би требало да има добра волја од страна на колегите кои што се претставници на етничките заедници во Република Македонија да го прифатат тој факт, факт кој што претставува меѓународна пракса и да се направи било каква модификација или да се прифати некоја модификација на нивните национални знамиња претходно што се употребувале кое што не е идентина со државните знамиња и тогаш апсолутно ќе нема никој против во државата етничките заедници да си го искажуваат својот идентитет преку ваквите знамиња. Во спротивно почитувани дами и господа ќе се отвори можност за делење на суверенитетот на државата Република Македонија со други држави чии што знамиња ќе се вејат на локално ниво и тоа ја води Република Македонија кон федерализација, односно сигурно наше зачекорување на патот кон федерализирање на државата Република Македонија.

Токму од овие причини, бидејќи имаме обврска и според Уставот и според Рамковниот договор,обврска дека мора да се сочуваат суверенитетот и унитарниот карактер на државата Република Македонија, мораме како пратеници да го почитуваме Уставот на Република Македонија, одлуките на Уставниот суд, токму заради тоа уште еднаш ве повикувам добро да размислите, пред да го притиснете копчето за гласање и да дадете поддршка на еден толку значаен амандман кој што верувам ќе ја определи судбината на државата Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам гопосѓо Бонева.

Господине Јашари имате потреба од реплика?

**Аднан Јашари:** Ви благодарам. Иако сум рекол многу нешта, но изгледа некому сеуште понатаму не му е јасно, тоа што сум го рекол. Но за чест на вистината ќе го цитирам членот 10, став 3 каде покрај другото се вели ова. Да се разликуваат од грбот и знамето на други држави и единици на локалната самоуправа. Во оваа насока сакам да ви кажам почитувана колешке дека кога се говори за знамињата на локалнната самоуправа, оваа одредба е разбрана, затоа што се говори за разни субјекти и со цел да идентификација или разликата на субјекти, затоа и е предвидена ова. Овде се заборава дека овде не се говори за субјект, туку се говори за етнички заедници. И под 2 лошо се толкува овој закон, наводно преку овој закон се врши зстој на државниот суверенитет. И после тоа сигурно дека сте слушнале, експерт на уставното право еднаш сум го прочитал, но нема потреба да се повторам, тие зборови што сум ги нагласил веќе еднаш доколку верувате во вашите експерти, дури е академик на уставно право,прочитајте ја одлуката на Уставниот суд и што рекол тој експерт во врска со ова прашање. Мислам дека нема потреба, знаете за кој академик станува збор, за академик Евгениј Димитров. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, една минута.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, не го цитиравте точно членот 10 став 3, кој што кажува дека грбот и знамето се разликуваат и од грбот и од знамето на другите држави, единици на локалната самоуправа на други држави и на меѓународни организации. Ако не може пред едниците на локалните самоуправи, да се вее зние идентично со знаме на друга држава, како тогаш може пред државните органи, пред воени објекти на локално ниво, пред државни институции да се вее знаме на туѓа држава. Апслутно контратикторно е тоа едно со друго и не постојат аргументи во однос на ова што вие го кажавте. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господин Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Блгодарам господине претседателе, еве уште еден ден потрошивме на тој амаднман и се чини со право го направивме тоа. Сега е јасно дека овој амандман навистина е потребен и неопходен во законот. Амандманот е неопходен заради тоа што со овој амандман не се поткусуват правата на етничките заедници, им се гарантира правото да имаат свои знамиња.

Меѓутоа, со овој амандман го сочувуваме текстот на овој закон да не го повреди Уставот, да не биде против Рамковниот договор, што се повикува на меѓународното право и да не го повреди меѓународното право, бидејќи во меѓународното право потполно е јасно дека вакво решение никаде нема, какво што овде се заговара, ако не се усвои овој амандман.

Сега, слушам овде, се употребуваат изрази "заробени умови" и тн. Верувам дека некои работи во светот може да функционираат ако има некое цврсто уверување меѓу луѓето. А тоа, ете, меѓународните правници, цврсто се уверени дека во иста земја, една единствена земја не е можно две државни знамиња да се веат.

Спорд тоа, сега е сосема јасно и никој не го спори фактот дека и од аспект на меѓународното право, и од аспект на Рамковниот договор, како што пишува, и кој што се повикува на меѓународното право и од аспект на суверенитетот на државата, не е можно да се веат две знамиња, знамиња на две држави, на иста територија.

Меѓутоа, исто така е јасно дека сето тоа што е јасно, ништо не им значи на некои луѓе овде во Собранието. И, се раководат од некои сосема

други причини и не убедуваат дека тоа што е јасно, не е важно.

Бидејќи е така, сакам на сите да апелирам, на пратениците, ќе мора тие причини многу долго да ги објаснуваат на луѓето после, на своите соседи, на своите деца, на своите внуци. Тие причини што сега ги тераат се што е точно и јасно да го сметаат за нејасно и неточно. Не ќе биде тоа одлука што ќе заврши денеска, таму. Таа одлука ќе им стои на сите на грбот многу и многу долго. Водете сметка за тоа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господо, не можеме да се докажеме. Истите работи ги повторуваме. Секој има право на свое мислење и ...

(Реакции во салата).

Господине Рафис, повелете два збора.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Господине Андов јас одговорно ви кажувам дека ниту јас, ниту моите деца немаме пасош од друга држава или од држава Албанија. Така што сите патни исправи и сите други документини се од оваа држава. Истото го велам и во име на пратениците на ДУИ кои имаат македонско државјанство, имаат лични карти од држава Македонија и имаат исправи од Република Македонија.

Додека другата страна, што толку многу труби и овде се прави поголем католик од папата, ќе биде добро и тие да се изјаснат или да го кажат истото и да видиме колку од нив имаат двојно државјанство и патни исправи од државите околу нас.

Така што, ништо нема да се случи и по донесувањето на овој закон и онаа теза што вие ја лансирате не е точна. Македонија и по донесувањето на овој закон, останува унитарна држава.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине Рафис, јас сакам да ви верувам во ова што не убедувате и за вас и за вашите деца и за вашите колеги. Затоа не гледам причина да инсистирате во Македонија да се употребува уште едно државно знаме на друга држава.

Што се однесува за некои државјанства, други, овде, кажете ги тие луѓе. Верувајте, јас не сум тоа. А ниту еден од мојата пратеничка група не е тоа. Ни еден од мојот сој не е тоа. Зошто кажувате прикаски? Кажете тој и тој има таму државјанство и тн.

Јас ви верувам и сакам да живеам во ова држава, сакам со вас да живееме заедно. Сакам да имаме едно државно знаме, а вие да имате обележје на вашата етничка заедница. Тоа го сакам. Инсистирам на тоа. Тоа е ваше право и по Уставот и по Рамковниот договор. Зошто ви е отребно знаме на друга држава?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Андов.

Господине Велиу повелете имате збор, односно реплика од три минути.

**Фазли Велиу:** Ви благодарам господине претседателе.

Токму негирајќи го правото на употреба на знамето на дел од народи кои живеат овде и уставното право од 2002 година, како и Охридскиот договор со што се гарантираат сите права на дел од народи, на граѓаните, вие дефинитивно господине Андов донесувате пристрасни закони на една нација, на еден народ, закони што служат на македонскиот народ, за што сме се ангажирале и ние, но се делегитимирате или ги негирате правата на другите кои живеат овде со години, децении, векови и дефинитивно, негирајќи го правото на употребата на нашето национално знаме, вие сте против нас.

Доколку беше албанското знаме само на албанската држава, на Албанија, доколку не беше национално знаме ние ќе се согласевме со вас. Кога ќе се донесе закон за употреба на националното знаме во Албанија, ние, дефакто ќе бидеме за знамето што го употребуваме сега. Но, ова знаме, доколку помине да биде државно знаме во Албанија, тогаш можеме да говориме во оваа држава за друга варијанта. Но, сега, засега, Албанија го употребува националното знаме. Ние го сакаме ова национално знаме. Ова ни е наследство и ова го има донесено и усвоено во 90-тите и по 90-тите години. Додека во 2001 година ние го запечативме ова и прашањето на оваа држава, на Македонија, како мултиетничка држава и прашањето на македонската нација како нација што другите не ја признаваат, туку ја признаваат токму албанците и нашето прашање дефинитивно сме го запечатиле со големи жртви и сакаме да имате разбирање за ова. Да придонесет за Македонија на сите граѓани кои живеат овде и за знамињата на заедниците или дел од народи кои им припаѓаат на други земји по национална припадност, но ги спроведуваат домашните норми како што ги спроведуваме ние, точка по точка, овде во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов една минута.

**Стојан Андов:** Добро е што ми реплицираше господинот Фазли Велиу.

Сакам да го кажам само следното. Господине Велиу, предолго ве следам. И вие сте еден од повозрасните овде меѓу пратеничката група. Најдобро е да не ги дисквалификувате луѓето и да не им викате вие сте против нас, вие сте вакви, вие сте такви. Со нив треба да се разберете. Било да е Андов, било кој и да е.

Станува збор, уште еднаш ви велам, дека тоа е знаме на друга држава. Ги ценам вашите чувства,

но тогаш ви е спор со Албанија, не ви е со нас овде. Вие треба да земете елементи од тоа знаме, но не може да се вее знаме на друга држава овде, уште една држава. На тоа укажувам, ништо друго.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Чашуле имате процедурално?

Повелете.

**Слободан Чашуле:** Почитувани колеги,

Мојата интервенција е деловничка, но пред се човечка.

Лондон е блокиран.

Глобалниот тероризам удри по главниот град на Велика Британија. Седум бомби експлодираа во подземна железница и една во автобус. Бројот на жертвите расте. Во овој момент има 20 мртви и преку 95 повредени.

Со оглед на тоа што ние сме членови на Глобалната алијанса против тероризмот, ве повикувам сите заедни, од овде, најостро да го осудиме овој безумен чин што по Мадрид удира на Велика Британија, на Лондон, со што практично нашиот континент станува жртва на глобалната војна.

Јас мислам дека од овој Парламент треба да излезе заеднички протест, па кога ќе го добиеме, за жал, конечниот број на жртви, мислам дека соодветно треба така, со оддавање на должна почит да одреагираме.

Мене ми е многу жал што по ваков повод ја земам говорницата, но ценам дека требаше оваа несреќа да ја споделиме иние.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле.

Ќе направиме, можеби една заедничка изјава кога ќе ги добиеме официјалните инфорамции.

Сега ќе направам пауза до 15,00 часот.

(Пратениците заминаа на пауза во 13,45 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Претставникот на Владата да влезе во салата.

Господине Балковски, би можеле без претставникот на Владата или сакате да чекате.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата. Уште еднаш го замолувам претставникот на Владата да влезе во салата.

Ако за 10 минути не дојде претставникот на Владата, ќе поминеме на следната точка.

Претставникот на Владата е тука, повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Пред неколку дена имав дискусија за подршка на амандманот 2, меѓутоа, еве сега да кажам уште некои работи. Тогаш кажав примери каде се во Македонија ќе се вее знаме на друга држава ако се усвои законот и ако не се усвои амандманот на членот 2, сега сакам да се надополнам уште со некои работи и добро е што претставникот на Владата е тука да ги слушне овие работи, па ако може и да одговори.

Кога зборував за амандманот на член 2 од овој закон поставив прашање конкретно за Струга каде кажав дека пред општина Струга ќе се вее државното знаме, ќе се вее знамето на друга држава, ако се усвои овој закон, тоа е Република Албанија и ако дојде во посета на општина Струга албанска делегација ќе имаме две знамиња од иста држава и едно наше државно знаме.

Истото тоа се случуваше и за сите други манифестации кога од Албанија ќе дојдат официјални делегации.

Значи, со овој амандман што се бара под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале, тука воопшто немаме против заедниците да имаат свое знаме, меѓутоа, за изразување на својот идентитет и особеност, тоа не смее да биде исто знаме со друга држава затоа што ќе се доведеме во вакви апсурдни ситуации и воопшто не ќе знаеме кое од тие две знамиња од иста држава ја претставува заедницата која ја претставува делегацијата на другата држава.

Различноста на ова знаме е добро и за самите Албанци од Македонија затоа што сепак тие ќе го изразат и својот идентитет дека се Албанци од држава Македонија. Ког го зборувам ова имам на ум дека секогаш од нас, еве и пред неколку дискусии се спомна дека ние треба да имаме разбирање за нивното национално знаме, меѓутоа, јас упатувам едно прашање. Зошто тие немаат разбирање за ова нешто што ќе се случи во Македонија и во одредени општини ќе се вејат две знамиња во точно определени ситуации што ги кажав и минатиот пат. Дури, сега ние имаме случаи само да речам во општините со кои што граничи Република Македонија со Република Албанија , значи имаме поставување на две знамиња и нашето државно знаме дури се условува дека може да стои ако до него има знаме заедницата, односно знаме од туѓа држава.

Прашувам дали секогаш тоа нашето државно знаме што сега се користи ќе биде условено од знамето на друга држава. Значи ако нема знаме од друга држава , значи и нашето знаме во тие општини нема да се вее. Значи ако е ова така овој закон е всушност еден услов на кои места може да се вее државното знаме а не на кои места , односно дека е закон за употреба на знамињата на заедниците на Република Македонија, дека секогаш ни се поставува како услов дека ако овој закон се донесе, тогаш и нашето државно знаме ќе се постави на одреденото место. Ако е така овој закон е всушност закон каде Македонското знаме ќе постои односно ќе се постави во единиците на локалната самоуправа.

Во сите овие дискусии и во сите овие општи реплики што се даваа од многу дискутанти, секогаш се кажуваше, како што напомнав, дека

тоа е национално знаме, меѓутоа, сепак, и според овој многу важен амандман затоа што ако не се усвои овој амандман, нема потреба од други амандмани затоа што овој е најважен амандман во сите 40 и неколку амандмани поднесени во Собранието, така што навистина ќе треба на еден начин да видиме што ќе се прави со другите амандмани ако овој амандман не се усвои.

Значи, ги дадов конкретните примери каде ќе се вее знаме на друга држава, кажав под кои услови всушност ќе се вее нашето државно знаме, понудивме решение во однос знамето на заедниците воопшто не треба да биде идентично со знаме на други држави. Како пример, можам само да потсетам што би се случило и другите погранични општини во Република Македонија ако ја погледнеме територијалната организација на Република Македонија беше населена со заедници кои имаат мнозинство од 50%, така што ќе се случеше од сите држави што граничиме во пограничните општини имаме две знамиња, едно македонско друго државно од државите што граничиме со Република Македонија, а само наше знаме употребуваат неколку општини во централниот дел на Македонија.

Заради ова, навистина решението е што го кажавме како ВМРО-Народна знамето да биде различно од друга држава мислам на знамето на заедниците и второто решение, согласноста на Македонскиот народ, на дел од Албанскиот, Турскиот, Влашкиот, Српскиот, Ромскиот, Бошњачкиот и другите народи едноставно се донесе друго знаме кое ќе го изразува суверенитетот на Република Македонија . Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Повелете господине Трендафилов, имате збор. Бидејќи бевте отсутен точката е амандманот 2.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Не се грижете господине Јордановски сепак сум информиран до каде е седницата на дневен ред благодарение на службите на ВМРО, знам за што се зборува, се зборува за следното:

Предложениот амандман на членот 2 од страна на пратеници од редовите на ВМРО-Народна партија е еден можеби од последните обиди во Собранието на Република Македонија да се предочи една мошне едноставна вистина. И во општата расправа ги користев термините што и сега ќе ги искористам, а тоа се дека група македонски граѓани својот идентитет го решаваат преку истакнувањето на своите симболи да не го гледаат во рамките на идентитетот на Република Македонија. Што значи тоа? Инсистирањето на албанската малцинска заедница да го истакнува знамето на Република Албанија на територијата на Република Македонија не е ништо повеќе освен обичен доказ и за оние најнаивните и најдобронамерните наши сограѓани кои можеби се надевале и искрено веруваат дека работите во земјата ќе тргнат кон подобро. Инсистирањето да се вее на територијата на Република Македонија знаме на туѓа држава е аргумент кој не оди во прилог на тие добронамерници. Имено, на деловите од албанскиот народ кои живеат како малцинство на територијата на Република Грција тоа што истакнуваат знаме на сина површина не ги прави помалку да се припадници на албанскиот народ, како што се и припадниците на малцинската заедница или поточно речено одредени политички партии.

Истакнувањето или идентификувањето со симболот, во случајот знаме на Република Македонија кое ние го имаме, истакнува дека на таа територија живеат луѓе кои делат заеднички интереси и тие се обединиле околу одредени заеднички интереси, имаат намера да се иднетификуваат преку симболите во функција на тие заеднички интереси. Група македонски граѓани со тоа што тие симболично сакаат својот поинаков идентитет од останатите македонски граѓани да го манифестираат употребувањето на туѓо државно знаме значи дека тие не споделуваат заеднички интереси со нивните сограѓани во земјата во која живеат.

Јас сум потполно уверен дека и овој закон да поминеше во Собранието така како што го предложи предлагачот, значи без ниту една забелешка од опозицијата, без ниту еден амандман поднесен од пратениците на ВМРО-Народна партија од политичкиот репрезент кој, за жал во моментот е клучен коалиционен партнер во Владата на Република Македонија бездруго ќе имавме друго прашање на дневен ред со кое тие ќе сакаат да ја истакнат својата посебност од Република Македонија, што значи дека тие ќе сакаат да истакнат поинакви интереси кои не секогаш соодвествуваат со интересите на Република Македонија, па дури да ги земеме во најапстрактна форма.

Мислам дека најдобар доказ за тоа се коалициските расправи за законот за употреба на јазиците, нешто што можеби нема да се случи да дојде на дневен ред дури и во овој состав на Парламентот на Република Македонија затоа што можеби мудро ќе се реши да се остави слободен простор да се искористи за да се дојде до една позиција на веќе стекнато право кое ќе треба да се официјализира.

Во контекст на добронамерниците кои им се упатува на одреден начин една од последните пораки што би значело за Република Македонија преку прифаќањето на членот 2 во форма таков каков што е. би сакал да обрнам внимание дека во рамките на уставните амандмани кои произлегоа од Охридскиот договор, прво, таму не е дефинирано знамето и второ, од друга страна е дефинирано дека може да се истакнува знаме на малцинска етничка, културна или јазична и било каква друга малцинска заедница во Република Македонија исклучиво пред институции формирани и во рамките на локалната самоуправа. Апсолутно никој не размислувал ниту може да се прочита во уставните измени во Уставот на Република Македонија дека пред подрачната единица на Министерството за

одбрана или пред полициската станица може да се истакнува знаме поинакво од она што е пропишано со закон, а тоа е знамето на Република Македонија. Дотолку повеќе е обременет овој предлог во членот 2, што намерата е со закони употребата на друго државно знаме да територијата на Република Македонија.

Доколку ова не е загрижувачки за отсутните претставници на парламентарното мнозинство на оваа расправа, доколку ова не е доволно загрижувачко за извршната власт во Република Македонија како што реков, убеден сум дека следното прашање кое ќе биде поставено на дневен ред, ќе биде уште подрско, побезобразно и секако дека ќе оди на штета на суверенитетот на Република Македонија.

Факт е преку предложениот член дека група македонски граѓани не се идентификуваат себеси како граѓани на Република Македонија и сакаат својата посебност да ја манифестираат симболично употребувајќи знаме на друга држава.

Дури во општата расправа посочив одредени примери како е тоа решавано во Словачка, во Истра, во Романија, во Унгарија, во земјите од трите Балтички републики, едноставно поимот граѓанин, државјанин, национална припадност е ставен во рамките на законските норми во кои се вели дека малцинските заедници секогаш се идентификуваат себеси пред се како граѓани на државата во која живеат, а својата културна, етничка, религиозна различност ја манифестираат употребувајќи симболи, но тие симболи се секогаш тесно поврзани со симболите на државата во која живеат. Впрочем Република Македонија и ова прашање не се однесува само на албанската малцинска заедница , без оглед колку тие се обидуваат во јавноста да го припишат единствено како некакво нивно стекнато право, ова се однесува и на други заедници кои имаат намера својот културен идентитет или поинаква различност да ја манифестираат преку употребата на симболите.

Ако најверојатно нема да добие подршка од парламентарното мнозинство, тогаш парламентарното мнозинство и Владата на Република Македонија свесно прифаќаат дека на територијата на Република Македонија нејзини граѓани не се идентификуваат со Република Македонија без оглед што таа направила или какви се отстапки не им направила. Оваа политика на која сме сведоци еве трае три години, сега сакаме да постигнеме се, веднаш, што покажува инфантилни чувства и секогаш станува збор за фрустации кои треба ние како држава да ги решаваме низ легислативата, а ние знаеме дека постојат специјализирани институции кои можат да им помогант на оние кои се чувствуваат фрустрирано.

Значи од најнаивните, посета на разговори со психолози, психијатри, доколку случајот е потежок, но секогаш ако се зпомне дека, можеби и Македонците ќе се почувствуваат фрустрирани тогаш од тоа се прават работодавецот азни политички дебати кои траат во недоглед и воглавно секогаш се на штета на државата.

Тоа значи предлогот преку овие амандмани на членот 2 не е ништо друго освен еден од обидите од Република Македонија да воспостави еден нормален однос во комуникацијата и односите внатре меѓу сопствените граѓани и јасно како земја која се грижи за благосостојбата на своите граѓани. Друго е прашањето доколку оваа Влада успева, или има намера тоа да го прави, секој оној граѓанин кој очекува нешто од државата треба да ја покаже пред се сопствената одговорност, во една од претходните расправи почитуваната колешка од СДСМ слободата ја поврза со изборот, но слободата секогаш и прво се поврзува со одговорноста. Доколку таа група на граѓани не ја гледа својата улога во македонското општество воопшто или во македонската држава преку одговорноста како слободни граѓани и рамноправни со сите останати тогаш  никакви законски легислативи, никакви решенија кои Република Македонија ќе ги донесе исклучиво во нивна полза, а секогаш на штета на македонските државни интереси нема да ги задоволи. Барем крајната цел мислам дека на секого му е јасна без оглед кој што кажува овде од говорница, или на дебатните емисии, но кога ќе се повлече меѓу спомениците од војната од 2001 година секогаш останува еден единствен сон. Затоа јас како еден од оние кои ги поддржуваат амандманите на членот 2 би апелирал и до претставниците на парламентарното мнозинство кои доаѓаат од редовите на СДСМ и ЛДП да ги поддржат амандманите кои нема да овозможат на предлагачот членот 2 да стане составен дел од законот онака како што тој предвидува во својот предлог.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Почитувани колеги, господине претседателе, јас навистина во текот на оваа неколкудневна расправа искрено верував дека со силата на аргукментите ќе успееме да ги убедиме колегите од СДСМ и ЛДП да ги растерат да ги прифатат аргументите и да ја разбераат историскаста одговорност која што е пред нас, иако се однесува дискуситијата конкретно само за еден амандман односно пет амандмани со слична содржина меѓу кои амандманот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа досегашните дискусии односно недискусии и релативно слаба заинтересираност од колегите од позицијата, гледам дека нема некое посебно разбирање и дека се нема чувство и сенс за моментот и за тежината на ова одлука со која што ако не се прифаќа овој амандман практично ќе дозволиме на територијата на Република Македонија да се веат знамиња на други суверени држави што автоматски према сите меѓународни норми значи делба на суверенитетот на тие територии на кои

што се веат тие знамиња. Уште еднаш ќе повторам значи дека апсолутно не е спорно употребата на знамето на заедниците, употребата од донесување на таков закон, апсолутно не е спорно ни истортискит симбол, кои што тие заедници го чувствуваат и неговата употреба за свој и преку кој го изразуваат својот национален, и културен идентитет и неговата употреба врз сите сегменти на секојдневното живеење во приватниот живот. Меѓутоа мора да направиме дистинкција, затоа што се работи за правна формулација, затоа што се работи за државен суверенитет каде што знамето на суверена држава означува суверенитет на таа територија на кој што се вее, или одредена екстериторијалност ако се вее на објекти кои што се дипломатки-конзуларни претставништва и слично.

Значи консеквентно на ова со почитување ќе повторам на историските симболи кои што заедниците ги чувствуваат како свои со максимален респект кон националното, историското обележје и дури знаме на одредена заедница. Во оној момент кога тоа знаме станало знаме на друга суверена држава мислам дека апсолутно е недозволиво и недопустливо и ќе влеземе во историска грешка да ако го озакониме веењето на тоа знаме на друга суверена држава, на државните, значи покрај локалните објектите од локалната самуправа и на другите државни објекти, односно на објектите на државните инситуции во Република Македонија.

Тоа дефинитивно, дефинитивно дава можност и води кон еден вид на федерализација на државата. Затоа во тоа име уште еднаш апелирам до сите колеги пратеници да гласасаат со сопствената и по сопственото убедување, а не по она што двајца или тројца луѓе, или две политички партии го договориле на штета на македонските граѓани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманите и како што реков ќе гласаме амандман по амандман. Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Денеска нема да бидам толку великодушен, одма ги уклучувам десетте минути за кворум. За кворум, ако истечат десетте минути, а немаме кворум ќе ја прекинам седницата.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Имаме доволен број на пратеници за кворум.

Значи го ставам првиот амандман на гласање. Амандманот на член 2 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 12 гласале за амандманот 2 воздржани 45 против.

Во салата се присутни 63 пратеника во моментот на гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандман.

Амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника 18 гласале за амандманот, 2 воздржани 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника 18 гласале за амандманот, 2 воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 2 за додавање на нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника 18 гласале за амандманот, 2 воздржани 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митановска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеника 18 гласале за амандманот, 2 воздржани 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Со оглед на тоа што амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, кои се точки 6 и 7 од списокот на амандманите по кои се води претрес се со слична содржина, предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив поодeлно.

Ве повикувам да гласаме за овој предлог.

Гласале 58, во салата се присутни 80 пратеника 51 за нема воздржани 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Колеги пратеници, одамна воспоставивме пракса да добивате список по редослед на амандмани. Според тоа внимавајте.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Господинот Спиро Мавровски бара збор)

Пријависе,

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Веќе кога ги поврзавте овие два амандмани, мислам дека и амандманот број 8 од господин Јанаќи Витановски, треба да влезе во оваа група.

Треба да ги разгледуваме трите амандмани по членот 3.

Барам поддршка од 10 пратеници за да и амандманот 8 го разгледуваме заедно со овие два амандмани.

(пратеници креваат рака)

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на господинот Мавровски го ставам на гласање.

Молам кој е за?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника од кои 64 за, еден воздржан двајца против.

Констатирам дека општата расправа се три амандмани, од господинот Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска и од Јанаќи Витановски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска и по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифатени.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓа Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:**

Благодарам претедателе.

Прво, да изразам жалење што не наидовме на разбирање после тридневна расправа кај колегите од СДСМ и од ЛДП за поддршка на претходниот амандман кој беше еден од суштинските амандмани во овој закон, меѓутоа, ќе преминам на образложение на овој амандман со кој барам зборовите од членот 3, ќе цитирам "заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особеностите го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон". Јас со овој амандман предлагам зборовите "јавниот, службениот и приватниот живот" да се бришат.

Ќе ви ги образложам и причините.

Имено, самиот наслов на овој закон вели: "Предлог закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија".

Глава 2, после Глава 1, во која се општите одредби стои името "употреба на знамињата на заедниците".

Сметам дека апсолутно непотребно е да постои една дистинкција меѓу јавниот и службениот живот во Република Македонија при употребата на знамето од страна на заедниците.

Искрено да ви кажам не ми е јасно, ниту пак. . .

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да бидат потивки.

**Марија Којзеклиска:** . . . заменикот министер можеби је ми објасни што е разликата помеѓу јавен живот и службен живот. Дали службениот живот не го апсорбира всушност јавниот живот да го апсорбира по својата дефиниција службениот живот. Самиот наслов на законот и самата Глава 2, доволно укажува дека главна употреба на знамињата на заедниците е сосема доволно за да колегите од позицијата го прифатат овој амандман и да се избришат овие несреќни збортови "јавен, службен и приватен живот", како што се предложени во законот.

Овој амандман го имам предложено и од една друга причина.

Апсурдноста на самиот предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија се рефлектира токму и во поднесувањето на овој амандман. Можеби ќе ги разбудам колегите од сонот за да можат да гласлаат за овој амандман, како што реков за да не излеземе смешни во ваквите формулации дадени во законот "јавен службен и приватен живот". Многу би сакала, искрено почитуван претседателе, и почитуван заменик министер да ми објасните разлика помеѓу јавен живот и службен живот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Навистина ли не знаете што е јавен и службен живот? Сега во Парламентот вие сте на служба, ние имаме службена комуникација, а кога сме надвор од парламентот во театар. . . , тоа е јавен живот.

Господине Караџоски имате збор.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, значи и после 3 дена расправа по членот 2 преминавме на член 3, и на овој член имав три амандмани од мене, од госпоѓата Којзеклиска и Јанаќе Витановски, и да неречам со една единствена цел иако се разликуваат.

Значи, првиот предлог од госпоѓа Којзеклиска го слушнавме, таа предлага да се биршат јавниот, службенио ти приватниот живот. Значи станува збор за каде да се употребуваат знамињата на етничките заедници. Јас предлагам да се брише приватниот живот, значи би останало употребата

во јавниот и службениот, а колегата Јанеќе Витановски предлага амандман со кој што се дополнува членот 3 со став 2, каде што зборува за ваквата употреба на знамињата на етничките заедници да биде покрај знамето на Република Македонија, постојано покрај овие други знамиња, односно покрај знамето на етничката заедница.

Инаку, почитуван претседателе, почитувани колеги, јас овој член како што е напишан вака во законот, членот 3, го разбирам на еден многу поедноставен начин. Владата воопшто не морала да се мачи со дефинирање каде да се употребува знамето на етничките заедници, можела да каже со една реченица, секаде каде што сакаат заедниците, затоа што јавниот, службенио ти приватниот, јас незнам уште каков живот фали каде што нема да биде употребено знамето на етничките заедници.

Е, сега, зошто некој се прашува, предлагам амандман да се брише токму приватниот живот, мислам зборот "приватниот живот". Далеку од тоа приватниот живот да се брише, значи зборот од членот 3 "приватниот живот" затоа што почитувани колеги ваквата одредба со давањето можност знамето на етничките заедници го користат во приватниот живот за сите оние цели кои што можат да му истекнат на секого. Тоа, аналогно значи, дека знамето на етничките заедници ќе се вее секогаш и во секој момент. Значи, ќе нема некоја друга прилика кога нема да се вее, едноставно толку поводи има во приватниот живот за кои што некој може да смета, ете има потреба да истакне свое знаме и затоа кажав дека текстот можеше да биде многу поедноставен и да каже дека знамињата може да се веат кога сакаат и каде сакаат. Јас само ќе кажам еден пример, дека ваквата одредба ќе прави злоупотреба во Република Македонија од проста причина, еве да ве потсетам на едни настани кога во делот на Арачиново едно време се случуваа многу пукања и кога сите ние овде како пратеници и цела јавност се прашуваше зошто се пукажа и покрај престанокот на воената криза и покрај разоружувањето на воените формации, а буквално секојдневно се пукаше. И кога овдека добивме одговор од Министерството за внатрешни работи и од претставниците кои што таму биле, ни кажаа дека пукањето таму во тој дел бил последица на свадби, правење на свадби и прибидеќи таму секојдневнос е пукаше јас навистинане ми беше логично, нормално јас припаѓам сосема на друга верска заедница, верска исповест, ми беше чудно како кај нив секој ден свадби се прават, а ние нели имаме некои си периоди кога можат, кога не можат, во кои денови и така натаму.

Сега да не зборувам за другите адети, обичаи што ги имаат, да не се изразам овде погрубо, да речеме нели традиција при секое раѓање на дете нели, тоа како го викаат таму кога треба да се прави сунет нели, така да и во такви ситуации и во уште незнам какви други ситуации кои нормално тие повеќе си ги знаат, за да постојано и континуирано знамето на етничката заедница ќе се вее. И мислам дека не е случајно ставено ова приватниот живот, затоа што Владата бараше начин да се избегне или да не се каже дека знамето на етничките заедници постојано ќе се вее, како што и сега нели се вее постојано, но овој пат, нели на еден легален начин со закон. Тоа е еден пример што го кажав, друг пример сведоци сме дека барем од она што можеме да го видиме на терен. Јас не гледам во ниту едно место, место кое е населено со албанската етничка заедница да нема континуирано и постојано да се вее знаме, независно дали е на јавен објект, дали е на службен објект, дали е на приватен, дали е за некакви службени цели, дали е за приватни, таму континуирано и постојано се веат знамиња и сега, зборувам за сегашната фактичка состојба. И кога секогаш кога ќе ни се долови една прилика, да имаме прилика да видиме, значи никој од нас не го ни поставил прашањето каков празник и што празник има таму и зошто тоа се вее. Значи, толку се навикнавме да знамињата се веат, дури за нас веќе не е спорно секојдневно има некаков си повод и некаков си празник или да не речам што од приватни цели поради што од приватни цели поради кои што знамињата никогаш и нема да бидат сметнати.

Од тие причини, а сметајќи дека со едно вакво решение, токму тоа се легализира сметам дека истакнување на етничко знаме во приватни цели не треба да постои. Мислам дека доволно сме демократични и доволно сме на некој начин еве попустливи или како да кажам, кога веќе му се дава тоа право да имаат право да го истакнат знамето на својата заедница, па дури и ова за кое се буниме три дена, тогаш барем нека не биде тоа претерано, нели. Нека биде во јавниот и нека биде во службениот на начин како што овдека е опишано и на начин како што тоа го предлагаме со амандмани, а во приватниот живот, па од нешто нека се воздржат, па не може се. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски, има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Еве јас сакам да дадам свој допринос на овој закон и мислам дека овој закон е и текако важен, клучен закон, закон кој задира во нај болните точки на секој граѓанин во Република Македонија. Во интерс на граѓаните јас ќе го прочитам мојот амандман, за да знаат и граѓаните и останатите за што го поднесувамовој замандман. Имено, ќе го прочитам членот 3 кој што е во Предлогот на законот и овде вели вака: " заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особенсоти, го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој

закон". Овде за мене нема многу спорно бидејќи тоа е дадено во Рамковниот догвоор во точка 7.1. кај што вели дека во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, потенцирам непсоредно до симболот на Република Македонија, и понатаму вели, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна и тоа само на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кој се обележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината и со почитување на меѓународните правила и примени.

Мислам дека ова е во ред тука и сега имам амандман на овој член, со член 3 став 2 и мојот амандман гласи вака: "заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и осбоености, го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија". Зошто го поднесувам овој амандман? Од една единствена причина бидејќи со членот 5 од Уставот на Република Македонија , знаеме сите и таму се вели, кои се државни симболи. Искажано е дека државни симболи на Република Македонија се грб, знаме и химна. Според тоа знаме на Република Македонија е едно и тоа е државно знаме на Република Македонија. Амандманот се поднесува токму овде во овој член 3 од причина што и со цел изрично заедниците во Република Македонија, своето знаме со кое го изразуваат својот идентитет и особености да го истакнуваат псотојано и истовремено со знамето на Република Македонија. Знамето на Република Македонија е државен симбол и го изразува суверенитетот на Република Македонија. Заради тоа не смее и не треба да се истакнува само знамето на заедниците. Секој пат треба покрај знамето на Република Македонија, во срединиte каде има услови за истакнување на знаме на заедниците да се истакнува и знамето на заедницата. Сметам дека истакнувањето на знамето на заедницата, покрај знамето на Македонија, не значи нарушување на суверенитетот, но не и истакнување на знаме на туѓа држава, тогаш значи нарушување на суверенитетот.

Амандманот го поднесувам токму овде од причини, што во општите одредби каде се дадени се вели, дека исто така останатите одредби во законот, го кажуваат начинот на употреба на знамињата и нигде не е регулирано како ќе се истакнува тоа знаме, но има одредби може или треба. Амандманот се поднесува за ако се истакнува знаме на заедниците, постојано и истовремено да се истакнува и знамето на Република Македонија, односно амандманот го поднесувам од причина што во другите членови нема изрична и задолжителна одредба, обврзувачка за истакнување на државното знаме на Република Македонија. Постојано и истовремено со знамето на Република Македонија, оваа одредба значи да се истакнува и знаме на заедниците. Амандманот значи и забранува, дека не смее да се истакнува знаме само на заедницата, него треба кога ќе се истакне знаме на заедницата да се истакне и државното знаме. Овде не зборам за албанско знаме или за српско или за било кој, него зборам за знаме на заедниците. Бидејќи сметам дека во овој закон никаде не е наведено кое е тоа знаме. И мислам дека треба да има друг закон за изгледот на знамињата на заедниците. Ако некој сака да истакне знаме на заедниците, прво ќе го истакне државното знаме на Република Македонија, бидејќи тоа е суверенитетот на Република Македонија, а после треба да го истакне знамето на заедниците. На овој начин ќе се спречи веењето само на знамиња на заедницата, а не и знамето на Република Македонија. Значи, прво ќе се вее македонското знаме, државното знаме, а после знамето на заедниците. И не смее да се вее само знаме на заедницата, него постојано и секој пат истовремено ќе се вее и знаме на Република Македонија.

Понатака имам уште еден амандман, за кој што ќе зборам после за кое што има и казнени одредби. Од овие причини, да не должам многу, сметам дека овој амандман треба да биде поддржан, бидејќи во останатите одредби од законот се вели дека при истакнувањето на знамиња во локалната самоуправа, ќе се истакне и македонското знаме и така натака, а овде треба во општите одредби од законот да стои оваа изричита и задолжителна одредба, односно заедниците во Република Македонија, знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особенсоти го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија. Нема ништо спорно, нема ништо противуставно, туку со овој амандман на целата територија на Република Македонија, каде што ќе вее некој знаме на заедниците, постојано прво ќе го вее македонското знаме, а потоа знамето на заедницата. Јас очекувам подршка од колегите за овој амандман и сметам дека на овој начин ќе го подобриме текстот на законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Еве, ги слушнавме предлагачите на трите амандмани. Во контеcкт на првите два амандмана мислам дека беше и мојата заложба да го слушнеме и колегата Витановски, кој што образложи и мислам дека е блиску, бидејки се наоѓа во членот 3 сето ова што го истакна. Постојат два начина на кој би пристапиле кон членот 3 и амандманите кои се поднесени на овој член. За да имаме посоодветно сознание за што се говори, јас би го прочитал членот 3 во кој се вели: "Заедниците во Република Македонија, знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особеностите, го употребуваат во јавниот,

службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон". Сите овие амандмани имаат своја логика и свое оправдување, првиот на госпоѓата Којзеклиска дека зборовите "јавниот, службенио ти приватниот" се заменуваат, односно се бришат и господинот Жарко Караџоски кој го искажа своето мислење, со тоа што делот од овие три особености "приватниот" би бил избришан.

За што се работи? Веднаш во следната Глава 2 имаме употреба на знамињата на заедниците, каде што стои: "1. употреба на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот". Ако претходно имаме член, после тоа цела глава истото ова го објаснува, а воопшто ништо не е објаснето, мислам дека имаме проблем и или треба да се случи овие зборови да бидат избришани и целиот 3 да отпадне, затоа што во самиот член 3 делот од реченицата "знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особеностите" таков закон воопшто не е донесен и ние не знамеме кое е тоа знаме кое некој ќе се обиде и ќе сака да го презентира тука како знаме на оние што треба да го изразат својот идентитет и особеностите. Такво знаме и со целото говорење три дена во однос на особеностите, мислам дека воопшто не дојдовме до никаква заедничка содржина и не најдовме заеднички јазик, и покрај сите аргументи и факти кои говореа во прилог на тоа амандманите на членот 2 да бидат прифатени и со тоа ќе дојдевме во ситуација и овој член 3 многу порегуларно да биде прифатен и усвоен и да биде составен дел од законот. На овој начин повторно ќе дојдеме некој да врши преоценка на сето ова што ни е дадено како закон и ќе се утврди и неуставноста и она што апсолутно не кореспондира со уставите и со начинот на кој останатите држави во Евроспката унија и во светот ги решавале своите проблеми.

Тоа е во однос на амандманот на членот 3 од госпоѓата Којзеклиска.

Во однос на овој член 3 јас би прашал, повторно ќе го запрашам министерот дали со ова решаваме нешто друго. Дали ги решаваме оние проблеми кои секојдневно ги гледаме во нашата држава, да знаеме кој, каде и што вее. Мислам дека во овој момент во Република Македонија постојат места каде што се веат знамиња и по 15 метра преку цели улици, се употребуваат знамиња на туѓи држави, башка оние што кажувате историски ви припаѓаат на вас. Историски не знам дали ви припаѓа и американското знаме кое се вее на тие приватни прослави, дали со ова сето тоа ќе се запре. Дали имаме таква можност и дали тоа ќе биде означено, бидејки во овој закон апсолутно таква работа не се случува, но сведоци сме на она што можеме да го видиме и во средствата за информриање и она што секојдневно го гледаме низ улиците на Република Македонија, покрај албанското знаме, да се вее американското знаме или знамето на Европската унија и не знам уште какви знамиња и сето тоа се користи во приватни потреби, во служба на свадба, во служба на она што се некои регионални прослави или не знам какви се не, или претставување на партиите пред јавноста со искажување на прес конференции. За тоа е говорено повеќе пати, но мислам дека сеуште такво решение нема.

Говорите дека тие ќе можат да се употребуваат на спортски манифестации, културни манифестации. И сега ве запрашав, во тој дел од Република Македонија, северозападниот што ќе се случи кога албанската репрезентација ќе игра било каков спортски или културен натпревар, или ќе биде претставена во Република Македонија и кога треба да подигнеме знаме на етничка заедница, знаме на оној кој е гостин во Република Македонија и официјалното државно знаме на Република Македонија? Кое е чувството што ќе биде оној што ќе треба да го почуствуваме сите ние, многу скоро го видовме во Тетово, на натпревар на фудбалските репрезентации на Македонија и Албанија, како сето тоа изгледаше. Сето тоа го видовме и на Фудбалскиот куп за Република Македонија во Скопје. Виновниците, еве ќе го потсетам министерот за внатрешни работи, се уште, времето поминува, од едниот настап повеќе од неколку месеци, од другиот можеби месец и повеќе, но сеуште виновниците не ги знаеме. Или ги знаеме, но не сакаме да ги кажеме. Мислам дека тоа ќе треба што поскоро да се направи.

Во однос на тоа што денеска го зачна еден наш колега тука во овој Парламент, знамето што ќе треба да се вее во една или повеќе општини во Република Македонија, зависи од тоа дали ќе прифатиме некој од амандманите на господата македонци од албанско етничко потекло кои ќе дадат предлог и да имаме измена во сето ова што е прифатено од Охридскиот договор, за кој што толку време упорно сакаа да кажат дека е тоа она што го правиме, но тоа е многу тешко. Тоа што е добро за нив секогаш ќе се прифати, а тоа што можеби е добро за сите, тоа не чини за нив и се упорни во она што го бараат. Така што повторно ќе расправаме по некои, понатаму од нивните амандмани.

Сега е прашањето дали во Република Македонија ќе се вее Индиското знаме или пак бидејќи знаеме дека има луѓе што чувствуваат дека нивното потекло не е од Индија, туку се од Египет, значи, Египјани, тоа значи чувство дека можеме да го вееме и египетското знаме и ќе направиме една ситуација во која што Република Македонија ќе изигрува или циркус или карусел тука каде што ќе се вртат нон стоп некои знамиња и кој како ќе се чувствува ќе го вее сопственото знаме.

Во однос на амандмнот на господинот Витановски, мислам дека ќе беше добро ова што го говоревме до сега да се определеа знамињата на етничките заедници. Но тоа не е направено и додека тоа не се направи излишно е да говориме за овој амандман и за ова што ние денеска може да го прифатиме или да не го прифатиме. Значи, се е коректно, дека државното знаме треба

секогаш да се вее, но ова другото знаме, што не е дефинирано, јас не знам како ќе се вее.

Оправдувањето во случајов би гласал за овој амандман на господинот Китановски, со тоа што ние како Парламент и како законодавен дом треба да донесеме еден закон за знамиња во кој што точно ќе се дефинира знамето на етничката заедница што треба да се вее во Република Македонија.
Додека тоа не се направи, сето ова е излишно за што говориме. Ќе дојдеме во ситуација кога ќе се усвои овој закон да бараме нов закон, а тој закон може да го промени и овој и цело време ќе се вртиме во круг.

Затоа, во однос на овие амандмани, јас ги поддржувам колегите. Мислам дека во оваа ситуација позицијата ќе најде можност и сила ова да го прифати, а понатаму, што ќе се случува, ќе видиме на наредниот закон, а тоа е законот за донесување на знамињата на етничките заедници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Витановски, имате три миути реплика. Повелете.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван Спире, не знам колку ме слушаше, јас не зборував за албанско знаме. Мојот амандман се однесува токму на тоа, да прво се вее државното знаме на Република Македонија, а после знамето на заедницата. Не зборувам за албанско знаме. Моето видување е тоа дека во овој закон овде што го имаме и сега, во ниту еден член не е кажано дека тоа ќе биде албанско знаме или било кое друго знаме.

Мојот амандман го поднесов токму од тие причини, прво секаде низ Македонија да се вее прво државното македонско знаме, а после да се вее друго знаме, на заедниците. Но, во мојата дискусија реков дека ова е закон за употреба на знамињата. Мислам дека треба да има друг закон во кој што ќе се каже како ќе изгледаат знамињата на заедниците. Заради тоа, сметам дека овој мој амандман е токму на место, бидејќи велам дека заедницие во Република Македонија, знамето со кое што го изразуват својот идентитет и особености го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија. Значи не зборувам за албанско знаме или било кое знаме, туку знаме што ќе се утврди во некој друг закон.
Ние, овде сега нешто прејудицираме во овој закон и за жал, и колегите албанци го форсираат тоа знаме. Овде, во овој закон тоа не е никаде кажано дека ќе биде знамето на Албанија. Ние им велиме дека ќе биде тоа знаме. Мислам дека треба да постои друг закон во кој што ќе се каже како ќе изгледаат знамињата на заедниците. Во овој закон тоа не е регулирано.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Виттановски.

Една минута контра реплика за господинот Спиро Мавровски.

Повелете госопдине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван господине Витановски, ние апсолутно нема што да реплицираме. Истото ова што го говорите го кажав јас и во поддршка на вашиот амандман, апсолутно говориме исто, се залагаме за исто. Тука нема апсолутно никаква дополна ни кон она што јас го кажувам, ни кон она што вие го кажувате. Останувам на ставот дека вашиот амандман ќе го поддржам со тоа што и вие ја имате истата дилема како би изгледало тоа знаме на заедниците, што постои кај мене.

Мислам дека е обратен редоследот на донесувањето на законите. Тоа ќе ги разјаснеше овие работи. Тука, имам заедничко мислење.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Подобро вака кога се гледаме.

Значи овие три амандмани кои што се предмет на дискусија, се однесуваат на членот 3 од овој закон, кој што гласи дека заедниците во Република Македонија, знамето со кој го изразуваат својот идентитет и особености, го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон. Значи ако го анализираме овој член, ќе се види логиката на овие амандмани, затоа што основната работа која што не му е јасно изгледа и на предлагачите е разликувањето на знамето како симбол кој што го изразува националниот идентитет и на знамето кој што го изразува државно-правниот суверенитет.

Ако согласно Уставот е наведено дека етничките заедници во Република Македонија имаат право на изразување на својот национален идентитет, тогаш не можеме да зборувме за употреба на нивни симбол, на нивно знаме во јавниот живот, затоа што тоа претставува употреба израз на националниот идентитет кое што се злоупотребува преку употреба во државна функција. Значи употреба на знамето во државна функција. Што сакам да кажам. Сакам да кажам дека кога се предлагал овој закон, толку се измешале овие работи, случајно или намерно, што постојано се инсистира како што се разговараше и дискутираше тука и во контекст на претходниот амандман, за знамето кое што треба да претставува израз на некакви политички аргументи. Или афинитети кои што треба да бидат изразени преку него. Афинитети секако на онаа етничка заедница на која што тоа знаме и припаѓа, односно што го избрала тоа знаме за свое.

Значи, она на што се спротивставувам тоа е употребата на знамињата да биде во јавниот живот, употребата на знамињата да биде службена употреба, а не употребата да се однесува само и исклучиво на она што го предвидува Уставот на Република Македонија, а тоа е потреба за изразување на националните особености на етничката заеница.

Ако ги разгледаме од една хронолошка дистанца овие прашања, ќе видиме дека и Законот за знамиња од 1997 година, што беше укинат од страна на Уставниот суд, го третира ова прашање. Меѓутоа, само да ја видиме разликата како токаш размислувам законодавецот, а како сега размислува владеачката структура што ни го предлага овој закон.

Во 1997 година, зборуваме во времето кога се случуваат гостиварските настани, Парламентот на Република Македонија, само ќе ве потсетам кој тогаш беше на власт и кој гласаше за овој закон, донесен Закон со кој што го одреди следното, знамето на етничката заедниц или на националноста, на националностите како што во тој период се употребуваше терминот што ги означуваше етничките заедници, знамето значи не смее да се истакнува пред и во објектите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите, Јавното обвинителство на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија. Потоа органите на единиците на локалната самоуправа и јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија што ги основа Републиката односно локалната самоуправа и други јавни објекти, претпријатија, друштва и организации.

Со овој закон за кој што исто така кажуваме дека бил, постојано слушаме од страна на владеачкото мнозинство,декља тој во тој период бил добвар, дека не требало да се укинува, дека тоа била политичка одлука на Уставниот суд.Има забрана за употреба на знамето како израз на националните особености на етничките заедници и тоа дефинирани на начин што го дефинирав претходно.

За да може да се согледа она што сега се предлага,а тоа е јавната употреба односно употребата на знамето на етничката заедница во јавниот и службениот живот тоа значи следно, затоа што членот 3 непосредно е поврзан со членовите 5 и 6 што се однесуваат на обработка на членот 3 од овој закон. Таму стои сосема спротивно од тоа што било донесено во 1997 година и што било укинато од Уставниот суд..

Стои дека во единицата на локалната самоуправа, во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа заедница на локалната самоуправа...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски, се извинувам, за тие членови имаме амандмани ќе дојдеме до тие членови. Сега имаме амандман од господинот Караџоски, од госпоѓа Којзеклиска и господинот Витановски што се однесуваат на членот 3 во однос на употребата во приватниот, службениот и јавниот живот. Да зборуваме за тоа. Има такви амандмани за што вие сега зборувате, ќе дојдеме на тие амандмани. Да не ве прекинувам, ќе ве замолам да дискутираме за овој амандман што е сега. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Господине потпретседателе,

Само за ваше објаснување, ако се прифатат овие амандмани што треба да се стори, тогаш мора да се објасни што значи усвојувањето на овие амандмани. Усвојување на амандмани, знамето на етничката заедница да се користи само во приватниот живот а не и во јавниот живот и во службениот, треба да се објасни што значи. Тоа не може да се објасни доколку не биде тоа поврзано и со членовите 5 и 6 што директно се однесуваат на употребата на знамињата на заедниците во јавниот и службениот...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски, ќе ве прекинам уште еднаш. Каде имате амандман да се употребува само во приватниот живот? Немате таков амандман.

**Блаже Стојаноски:** Од господинот Караџоски е тој амаднман, прочитајте го внимателно.

**Слободан Најдовски:** Амандманот на господинот Караџоски е баш да останат јавниот и службениот. Да останат тие, а не да се бришат. Амандманот е да не се бришат. Да остане јавниот и службениот, да се брише приватниот. Тоа го има тоа.

**Блаже Стојаноски:** Сите три амандмани ги расправаме заедно. Имат амандман што останува само приватниот, имате амандман каде што господинот Витановски кажува на кој начин може да се употребуваат, имате и трет ама наман што се однесува на она што јас го говорам.

**Слободан Најдовски:** Само за јавноста, сега дефинитивно, ќе ги прочитам трите амандмани. Никаде нема каде што останува само приватниот.

Едниот е, зборовите "во јавниот, службениот и приватниот живот" се бришат. Тоа е од госпоѓа Којзеклиска. Комплет, се бришат сите.

Од господинот Караџоски "јавниот, службениот и приватниот" се заменуваат со зборовите "јавниот и службениот" што значи приватниот се брише, а не останува приватниот. Затоа сега да зборуваме онака како што е.

Ако сакате да се оддолжи седницата, кажете, ќе дадеме пауза од 10 - 15 или 20 минути, колку треба, но да дискутираме по амаднманите ќе ве молам.

**Блаже Стојаноски:** Господине потпретседателе,

Јас зборувам за амандманот на госпоѓа Којзеклиска, за бришење на јавниот, службениот и приватниот, па потоа треба да се види што значи. Јас зборувам за тоа што значи јавниот, што значи службениот начин на употреба на знамињата за да може оттука да произлезе останатото. Мислам дека треба да ме оставите да завршам, а дали ќе дискутирам по однос на

останатите амандмани тоа е мое право. Ќе се држам до темата. Тоа е единствено важно.

Употребата на знамето на етничката заедница во јавнот живот и во службениот живот во Република Македонија е дефинирано на начин што воопшто значи имате конкретни примери што морам да ги истакнам, што немаат никаква врска со изразувањето на националниот идентитет. Пример: официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и на суверен или овластен претставник на меѓународната заедница, покрај знамето на Република Македонија употребата на знамето на етничката заедница, независно која, што согласно овој член има право да го користи, апсолутно со ништо не може да се поврзе со изразувањето на националниот идентитет. Што тоа значи? Кога доаѓа претседателот на една држава, тој треба да види дека во таа единица на локална самоуправа претставува дел од суверенитетот на Република Македонија. Тоа мислите дека е искажано преку, и така треба да биде, преку официјалното државно знаме на Република Македонија. Покрај тоа имате знаме што, согласно Законот за локална самоуправа го има општината, а согласно Законот за територијална оранизација, етничките заедници претставуваат мнозинство во тие општини, што значи имаат право да определат знаме на единицата на локалната самоправа согласно правата што ги имаат добиено со Законот за локална самоуправа. И покрај тие две знамиња, сега, со овој закон се предлага во јавниот живот да се искажуваат нациналните особености со истакнување и на знаме на етничката заедница, што претставува мнозинство во таа општина.

Дали со тоа сметате дека оние што не претставуваат мнозинство во таа заедница се изразени преку некое друго знаме, односно преку знамето на локалната самоуправа на единицата на локалната самоуправа? Затоа што ако е тоа така, тогаш треба да им се даде право знамето на општината да биде конципирано на тој начин што преку него би се изразувал националниот идентитет на останатите жители што не се мнозинство во таа општина, затоа што оние што не се мнозинство, согласно овој закон, имаат право да го истакнуваат своето знаме,како симбол на нациоалниот идентитет. Имате три барања што се исполнуват заради остварувањето на барањата на етничката заедница.

Првото барање е, државното знаме што треба таму да се вее, да не преставува национален симбол на македонците.

Второто барање ви е знамето на општината кое ќе се вее таму да биде определено на начин кој ќе значи волја на мнозинството во таа општина. Тоа е факт, волјата на етничката заедница која е мнозинство во таа општина.

(Во 16,23 часот со седницата продолжи да раководи претседателот).

Третото знаме ви е знамето кое го сметате симбол на вашиот етнички колективитет.

Значи, на овој начин се доведуваме во една ситуација во која употребата на знамето како етнички симбол на локално ниво во сите овие случаи зависи од волјата само на етичката заедница, а не и од волјата на останатите граѓани на Република Македонија, затоа што тоа е условено со одредени барања кои мора да бидат почитувани.

За да се надмине оваа ситуација, јас навистинам, имајќи го предвид фактот дека во Република Македонија немаме суверенитет на етничката заедница, туку имаме суверенитет на државата, на целата нејзина територија или барем така треба да биде, тогаш етничката заедница или колективитетот може евентуално да ги истакнува своите национални знамиња кои кажавме и дискутиравме дека не треба да бидат исти со националните знамиња на други држави, меѓутоа, тоа не се прифати од мнозинството и тоа останува прашање кое треба допрва да се решава.

Знамето кое треба да биде истакнувано може да биде она знаме кое претставува израз на самоуправата и на локалната власт која ја имаат граѓаните односно мнозинството граѓани во таа општина. Истакнвувањето на знамето на националниот ентитет во една поширока територија и во сите локалнис амоуправи, во сите општини на таа територија односно во јавниот живот, како што стои во членот 3, не значи ништо друго, туку давање право на истакнување на национални знамиња во државни цели. Како поинаку да го протолкуваме фактот дека кога доаѓа странски официјален претседател, премиер, вие етничките заедници бараат при неговото доаѓање да биде посебно, значи надвор од знамето на општината, надвор и од знамето на Република Македонија истакнувано и знамето на националната етника заедница. (Пратениците од ПДП му упаѓаат во збор). Да господине Рамадани, како што одат работите се вее, и сега да појдете во тие места ќе видите дека само едно се вее. Тука е проблемот. Веењето на три знамиња на една општина, како што тргнале работите, ќе претставува добра работа во еден период затоа што ако појдете само во Кондово ќе видите дека нема начин како да откриете македонско знаме на таа територија. Тоа не претставува ништо друго освен она за што ние зборуваме дека овие процеси кои се одвиваат на ваков начин не значат создавање на мултиетнична Република Македонија, Република Македонија во која сите етникуми ќе можат да ги остваруваат своите права и слободи, туку значи поставување на работите на начин што значи обележување на една територија на која се повеќе доаѓа до израз политичкиот дел на автономијата на таа територија.

Ова прашање, прашањето на дилемата, дали изразувањето на националниот идентитет може да се врши и во јавниот живот го има третирано и Уставниот суд во 1998 година при укинувањето

на Законот за употреба на знамињата и наведува дека Уставот, гарантирајќи им го правото на припадниците на националностите да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености, се однесува на негување, изразување и развивање на нивните обичаи, култура, јазик и традиции, преку културни и уметнички институции, научни и други здруженија, што не значи дека во оваа група можат да се подведат правата на државни симболи на матичните земји, како што се грбот, знамето и химната да се употребуваат во државна смисла во Република Македонија, како знамиња на изразување на етничкиот идентитет.

Понатаму, знамето не претставува израз на суверенитетот на етничката заедница. Затоа што етничката заедница, бевте согласни до пред малку сите, дека не е носител на суверенитетот на Република Македонија, туку дека тоа, согласно Уставот, се граѓаните на Република Македонија. Ако е така и ако се согласуваме сите дека знамето не е израз на суверенитетот на етничката заедница, тогаш која е причината за употребата на знамето како израз на националниот идентитет во државна функција.

Дефинитивно, едно е декларативно што се кажува во овој Парламент, а сосема друго она што стои зад него, а тоа е дека се сака и тоа е целта фактички на ваквите решенија, официјални посети на премиери на други држави, на претседатели на други држави, се сака националниот суверенитет да се покаже преку знамето кое ќе се истакне во единиците на локална самоуправа на територијата каде се мнозинство етничките заедници. Значи, зборуваме за суверенитет на етничката заедница а не зборуваме за изразување на националниот идентитет. Тука е главната причина зошто ние не се согласуваме. Затоа што вие не сакате да се согласите со уставниот пат дека граѓаните на Република Македонија се носители на суверенитетот на оваа држава, на етничките заедници, Македонскито народ има право во целост да ги остварува своите национални права и слободи.

Не сакате да признаете и да прифатите дека граѓание на Република Македонија се носители на тој суверенитет, туку сакате од Република Македонија да направите најмалку или најблаго кажано на овој начин, бидејќи ова знаме би се веело во јавна употреба во многу општини во Република Македонија, искажување на еден друг пат, а тоа е дека во Република Македонија доаѓа до голем израз бинационалниот пристап во нејзиното конципирање наспроти она кое беше зацртано во Рамковниот договор, децентрализирана власт, децентрализирана, меѓутоа унитарна Република Македонија.

Јас навистина сметам дека преку овој начин на јавна употреба на симболот на етничката заедница, посебно мислам на албанската, дефинитивно ќе значи еден чекор понатаму кон целите кои ги кажа господиноe Фазли Велиу пред една година тука во овој Парламент, а тоа е дека Македонците можат да изберат дали Македонија ќе личи повеќе на Белгија или на Швајцарија, односно еден чекор понапред кон кантонизација или федерализација на Република Македонија.

Тогаш не зборувавме и не беше кажано ништо околу територијалниот интегритет на државата и затоа тоа е она што се крие зад изразот - ние го почитуваме територијалниот интегритет на Република Македонија. Да, го почитувате, но на каква Република Македонија? Федералана, кантонална, унитарна и што понатаму? Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Вејсели реплика од три минути.

**Абдуладi Вејсели:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван пратеник Блаже Стојаноски.

Како прво имавте погрешен пристап. Сите одат надолу, вие настојувате да одите нагоре. Мислам дека вашето јавување и на некои други пратеници токму за овие амандмани кои се предложени од двајца и повеќе пратеници е во однос на членот 3 каде се гледаат некои реченици, меѓутоа, двата амандмани се разликуваат еден од друг и затоа е добро претседателот на Парламентот да ги прочита пред јавноста затоа што не се говори за истите амандмани.

Вие во вашата дискусија ја спомнавте 1997 година кога овој Парламент на Република Македонија донесе Закон за употреба на знамињата, говорам за националното албанско знаме и да знаете дека тогаш тој Закон беше донесен со квалификувано мнозинство и за тој закон гласаа над 80 пратеника и тогаш се утврди формата и физиономијата на знамето кое ќе го употребуваат албанците во Република Македонија.

Доколку се дозволи на една етничка заедница во Република Македонија со стар Устав кој се нарекува генератор на криза, да може да се употребува и да се определи физиономијата на знамето, тогаш не треба воопшто да се прави муабет по донесувањето на Охридскиот договор и измената на тогашниот Устав со амандманот 8 од Уставот веќе не треба да се толерираат дискусии вакви какви што ги правите вие. Новиот Устав на Република Македонија покажува нова реалност во Република Македонија. Македонија не е веќе држава само на Македонците, туку конститутивен елемент на оваа држава се и Албанците и другите кои се набројани во самата преамбула на Уставот на Република Македонија.

Затоа, секој обид да се обидете да ја дезинформирате пошироката јавност во Република Македонија дека еве на Албанците им се подарува нешто што не им припаѓа. Албанците во овој случај излегуваат господари на својот дел, на делот на својата култура, на делот на своето образование на јазикот и еве денес говориме и за знамето кое знаме ќе биде дел на оваа Република и немојте да говорите и немојте

да дезинформирате, затоа што се разговара за знаме на етничката заедница, за етнички знак, не се говори за државен знак, на што се повикувате.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски, една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Господине Вејсели вие во 1997 година тогашната власт СДСМ, ПДП и кои беа други, значи со квалификувано мнозинство донесовте Закон во кој наведовте дека знамето не смее да се истакнува пред и во јавните служби, јавните установи, јавните претпријатија и тн., значи во јавна употреба.

Ако веќе тогаш кажувате дека со консензус се донел таков Закон, тогаш зошто не го прифатите истото решение кое било 1997 година донесено, а тоа е да постои забрана за употреба во јавниот живот на ова знаме. И понатаму самите кажувате дека етничкио знак не е ист со државниот знак. Тогаш што претставува етничкиот знак знамето кога ќе дојде премиер на туѓа држава во општина Јегуновце?

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Ако во претходниот амандман 2 на некој начин предложивме и се обидовме знаме од туѓа држава да не се употребува заедно со знамето на нашата држава Република Македонија, тогаш овој амандман на член 3 всушност претставува обид на каков начин да го зачуваме нашето државно знаме.

Кога го кажувам ова пред се мислам на трите амандмани поднесени од пратениците затоа што ако остане вака според член 3, а тоа е дека заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особености го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон, тогаш доаѓаме до ситуација да секаде и на секое место може да се употребува знаме на туѓа држава затоа што ако веќе остане и во приватниот живот, секој според своите желби и можности, може да го употребува тоа знаме. Ќе видите и во наредните членови од овој закон никаде децидно не се кажува, а во цела глава стои употреба на знамето на заедниците во приватниот живот, но никаде децидно не е напишано во кои случаеви може да се употребува во приватниот живот така што на секое место и во секое време ќе може да се употребува знаме на туѓа држава затоа што амандманот на член 2 не го усвоивме. Ако го усвоевме тоа, ќе беше друго, меѓутоа, сега да се обидеме на некој начин како да го заштитиме нашето државно знаме со овие амандмани на член 3 за да не ни се случи да имаме знамиња само од туѓи држави во нашата држава.

Едниот амандман кој се однесува на зборовите "јавниот, службениот и приватниот" да се заменат со зборовите: "јавниот и службениот" значи да не постои зборот "приватен" може до некаде да се ублажи тоа што го направивме со неизгласување на амандманот 2 или со вториот амандман каде што во членот 3 се бришат сите зборови "јавен, службен и приватен живот" и тоа може да се направи, поготово во третиот амандман каде се кажува дека заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особеноста го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија.

Ако во расправата и по амандманот 2, меѓутоа, и во општата расправа се истакнуваше дека едноставно со овој закон, ако се донесе овој закон, е услов да се вее и државното знаме во овие општини каде имаме мнозинство на заедниците во Република Македонија, сепак треба овој амандман на членот 3 со додавање на нов став каде изрично се кажува дека секаде знамето на заедниците може да се вее само ако е присутно знамето на Република Македонија, треба да се усвои. Ако и овој амандман не го усвоиме,ви кажувам пак со пример, неколку пати ги спомнав овие примери каде ќе се вее се знаме на туѓа држава и сите овие други амандмани ќе ви ги кажувам со пример на општина Струга и на градот Струга, ќе се доведеме во ситуација веднаш по усвојување на овој закон, ако се усвои, секој да може, поготово во летниот период сега во градот Струга каде знаеме дека е има разни шанкови по плажите дури и приватни плажи каде сега може да се издадат на користење, но уште не се знае дали од Министерството за транспорт и врски или од општината Струга, меѓутоа, секој сопственик односно корисник на таква плажа или на шанк во Струга ќе може да го вее знамето на заедниците без притоа да се употребува знамето на Републиката.

Како тоа ќе биде, ќе видиме набргу, ќе бидеме сведоци ако не се усвојат овие амандмани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Повелете господине Шајноски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Во однос на членот 3 од овој закон, чувствувам потреба да кажам дека го поддржувам амандманот на господинот Караџоски кој предлага на приватните свечености и обреди не треба да се употребуваат знамиња. Ниту државни ниту етнички. Сметам дека со тоа се вулгализира нивната употреба и функција. По ме мислење ваквата појава кај нас е честа и е резултанта од три компоненти.

Првата компонента е индоктринација на народот од страна на политички моќници, а за нивни цели и корист.

Втората компонента е создадена навика кај народот перманентно да го покажуваат својот патриотизам пред политичките клики т.е. народот е принуден, макар и лажно да го покажува својот патриотизам секојдневно.

Третата компонента, недоволно изградена свест кај народот за соживот.

Кај нас во Македонија имаме состојба каде на приватни свечаности се веат знамиња се со цел да се покаже, да се демонстрира кој е газда на таа територија. Кај нас се е исполитизирано и тоа со намена. Не можам да разберам каква врска има на пример сунетот со веењето на знамињата, кога сунетот е само разбирлива човечка религиозна потреба и обред и веселба во една фамилија. Која е таа сила што го принудува обичниот човек на својата приватна веселба да се занимава со политика и со веење на знамиња. Секако тоа е таа политичка принуда од политички клики кои не и сакаат добро на Македонија. Веењето на знамиња не е исконска потреба на обичниот човек при правење на свои обреди. Тоа е наметната потреба од поновото време. Местото на знамињата е на државните објекти, на грнаиците, во полицијата, во војската, не дај боже во борбата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Кралевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Неможам да почнам да дискутирам за предложените амандмани од колегите Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска и Јанаке Витановски, а без претходно да го изразам сеуште постоечкото незадоволство во мене и во колегите од мојата пратеничка група ВМРО-Народна партија, за претходно неизгласаниот амандман кој се однесуваше на член 2 став 2 од Предлогот на законот за употреба на знамињата. Сеуште стои таа негативна импресија бидејќи тој амандман односно тие амандмани беа клучни за, што на извесен начин, не извесен начин, туку на одреден начин квалитативно би го промениле овој закон и би ставиле крај на амбивалентниот однос што го има албанската етничка заедница во Република Македонија кон суверенитетот на Република Македонија.

Имено, ако тргнеме од фактот дека суверенитетот произлегува од сите граѓани, вклучително и од граѓаните кои ја претставуваат албанската етничка заедница во Македонија и тие активно учествуваат во градењето на суверенитот на Република Македонија, а од друга страна исто така со заложбата да опстои членот 2, поточно ставот 2 од овој закон со нивната активна заложба и опстојување би рекол тврдо на таквиот непринципиелен став самите го руинираат тој исти суверенитет кој го пренесуваат на државата Република Македонија. Но, тоа е тоа и јас неможам да продолжам да дискутирам за следните амандмани, кои имаат само за цел веќе озаконетото истакнување на знамето на друга суверена држава да се истакнува и на територијата на Република Македонија. Значи, овие амандмани за кои сега дискутираме, а што се однесуваат на членот 3 имаат задача само да ја редуцираат употребата на знамето на друга држава во Република Македонија и на некој начин да го условат користењето на тоа знаме на туѓа држава во Република Македонија со истовремено користење на државното знаме на Република Македонија. Значи, имаат намера да ја ублажат катастрофата што се случи со неизгласувањето на амандманите на членот 2 став 2 од овој Закон.

Во колкав обем ќе можат да ја ублажат таа катастрофа што значи отворено нарушување и поделба на суверенитетот на државата Република Македонија беше практика, меѓутоа со самото тоа што има таква заложба јас ги подржувам овие амандмани и ќе гласам за нив, меѓутоа главната штета и катастрофа се случи претходно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски имате збор, повелете.

**Јанаке Витановски:** Благодарам претседателе.

Јас како предлагач на мојот амандман ќе се обидам уште со две три реченици да кажам за она што сметам дека овде ми смета.

Амандманот го поднесов за да го заштитам македонското знаме.

Амандманот што го поднесов има за цел во Република Македонија секаде каде што ќе се вее знамето на заедницата да се вее и знамето на Република Македонија. Бидејќи во членот 3 во општиот дел тоа се зборува, заради тоа јас го поднесов овој амандман и сметам дека ќе има разбирање од страна на Владата, а за жал од претставникот на Владата не чув ни два збора образложние зошто претставникот на Владата го одбива овој амандман. Само рече не.

Сметам дека ако на членот 2 став 2 не се усвои амандманот не гледам причина зошто овој амандман да биде одбиен. Овде се кажува дека заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особености го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија. Тука нема ништо спротивно ниту на Устав ниту на закон.

Во овој амандман реков дека истакнувањето на знамето на заедниците покрај знамето на Македонија не значи нарушување на суверенитетот, се разбира ако не е тоа знаме на туѓа држава. Овде зборуваме за знаме на заениците и сметам дека ако овој амандман не се прифати може да ни се случи во Република Македонија некаде да се веат само знамиња на заедници, а да го немаме знамето на Република Македонија.

Овој амандман токму тоа го дава, изрично и задолжително да се вее прво Македонското знаме, а потоа знамињата на заедниците.

Во останатите членови од законот пишува дека може, но со овој амандман се бара изрично.

Јас не знам на кого толку му смета.

Овој амандман е излишен. Јас незнам на кого толку му смета овој амандман, или против кого е. Овој амандман е во интерес на сите граѓани во Република Македонија. Со овој амандман ќе овозможиме она што го има во Уставот, знамето на Република Македонија дека е државен симбол и таму каде што се вее знамето на Република

Македонија тоа е суверенитетот на Република Македонија. Покрај тоа знаме може да се вее знаме на заедницата, но доколку го нема Македонското знаме, а се вее само знамето на заедениците тоаќе значи нешто друго. Заради тоа овој амандман го предложив и да има слух кај колегите пратеници бидејќи ова не е на ничија штета. Ова е во интерес на сите нас како пратеници и како граѓани.

Сметам дека на никој не се ускратува никакво право, меѓутоа амандманот ќе го подобри текстот, но таму каде што се вее знаме на заедниците исклучиво и постојано треба да се вее и знамето на Република Македонија.

Јас уште еднаш ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман затоа што мислам дека ќе избегнеме утре да ни се случи некаде да ни се вее само знаме на заедница а да не го нема знамето на Република Македонија. Тогаш ќе се прашуваме што да правиме. Тогаш нема што да правиме.

Ако се усвои овој амандман во членот 10 имаме и казнени одредби, ако се вее некаде знаме на заедница, а не се вее знаме на Република Македонија треба да се казнат тие. Заради тоа повикувам овој амандман да се усвои, затоа што и ќе биде претставена Република Македонија , ќе бидат претставени и заедниците. Заради тоа уште еднаш ќе го прочитам амандманот на колегите добро да го разверат за да сватат дека нема никакви претензии према никого. Овој амандман е за џаедништво и ако го сакаме тоа треба да го усвоиме овој амандман. Ако имаме други цели тогаш не треба да го усвојуваме. Ќе прочитам уште еднаш. "Заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особенистост го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија". Тоа е и ништо повеќе. Значи нивното право го имаат да го истакнуваат својот идентитет и особености, но секогаш покрај знамето на Република Македонија. Доколку биде , уште еднаш ќе повторам само знаме на заедница, тогаш тоа не ќе биде добро и од една и од друга страна. Заради тоа барам подршка од колегите за овој амандман и мислам дека ако сметаат на соживот овој амандмант треба да го истакнеме.

Уште еднаш потенцирам дека претсртавникот на Владата требаше да даде образложение барем со две три реченици што е спорно во овој амандман. Што е тоа што е спорно во амандманот да не се усвојува. Јас навистина мислам дека треба дека треба да се каже нешто повеќе кога се одбива овој амандман. Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Кратко ќе кажам два збора во подршка на амандманот, дискусијата на колегата Јанаки Витановски, само да му кажам колку на нас од 15 септември 2002 година ни е тешко кога Владата рече не на амандманот, без образложение.

Втора работа, почитуван колега Јанаке Витановски, дали сега ви е јасно зошто ние од 15 септември 2002 година се сомневаме во искрените намери на ДУИ.Самите вие рековте и мојата дискусија во тој дел, апсолутно, апсолутно ве подржувам. Апсолутно нема ништо спорно во амандманот што го предложивте. Јас ќе гласам за амандманот. Меѓутоа, верувајте, доколку овој амандман не биде подржан од колегите, меѓутоа и оној за кој што се расправавме три дена, на ставот 2 од членот 2 е она што ќе доведе до нарушување на Република Македонија во нејзиниот натамошен тек како што ја знаеме денес.

Да се разбереме, доколку не се усвои ваквиот амандман предложен или независно од вашиот, дали е мојот или на колегата Жарко Караџоски, ние, дефинитивно стануваме бинационална држава. Тоа треба да им биде јасно на сите и на колегите кои имаат намера да глсаат за овој амандман, а посебно на претставниците на ДУИ кои вечно се залагаат за унитарна Македонија, ама никако во практична смисла на зборот да покажат дека се за унитарна Македонија.

Да кажам уште еднаш. Ако овој амандман не се усвои ние стануваме бинационална држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Ја користам оваа можност по втор пат, затоа што ги споивме трите амандмани, во првата расправа зборував повеќе за сопствениот амандман. И некако не обрнав многу внимание за овој амандман на господинот Витановски, па би сакал навистина да се вклучам, затоа што сметам дека апсолутно колегата Витановски во два наврати ако не и повеќе, се труди да објасни дека целта на амандманот е навистина добра.

Бидејќи поединечно ќе се гласа по амандманите, ако мојот амандман и госпоѓата Којзеклиска не се прифатат, барем овој да се прифати, затоа што навистина не гледам што би била причината овој амандман да не се прифати.

Намерата му е многу добра, многу логична и дури и треба да постои ваква одредба. Зачудува фактот што ако била намерата на предлагачот да направи една добра законска регулатива, прецизно во која ќе се каже што е целта на законот и како треба да се користат знамињата, и доколку би имало прецизни одредби , тогаш со ваков амандман требало да бидат присутни во законот. Очигледно и на колегата Витановски не му е јасно што сака Владата да направи. Тоа го кажав и претходно.

Целта на членот 3, каде што се предлагаат овие амандмани, просто кажано да се веат кога сакаат и каде сакаат и не е целта да се вее државното знаме покрај знамето на националностите. Заради тоа не може поинаку да се свати дека намерата што со овој амандман е многу јасна, ако веќе секорисити знамето на етничките

заедници, покрај нивното да стои и државното знаме. Воопшто нема логика зошто ова да не се прифаќа.

Ова ќе го надоврзам во делот на расправата, општа расправа, па и по амандманите, кога имавме можност да слушнеме од образложенијата на пратениците од албанската етничка заедница, во контрааргументи на она што ние тврдиме дека и со ваков закон нема да се регулира ништо друго освен да го гледаме албанското знаме и тоа исклучиво поединечно во западниот дел на Македонија, слушнавме туак аргументација па дури и од колеги од владеачкиот СДС кои не убедуваа дека потребата од носењето на ваков закон е во тоа да се регулира правно она што сега се случува во западниот дел на Македонија. Да имаме една регулатива во која што конечно ќе го видиме и државното знаме во западниот дел на Македонија, а покрај него и албанското. Морам така да кажам затоа што така ќе биде.

Тоа тука многу дискутанти го кажаа, дури го кажуваа и колегите од ДУИ, меѓутоа очигледно тоа било само една фарска или демагогија, во онаа расправа да се убедиме и ние дека не сме во право за тоа што го зборуваме.

Сега, кога господинот Витановски има навистина добра намера, од она што декларативно се зборува да се направи на хартија за да конечно отпаднат сите дилеми дали со овој закон и дали овој закон значи дека конечно ќе се регулира статусот на употребата на знамињата во западниот дел на Македонија, поточно дали таму ќе го видиме државното знаме на Република Македонија.

При ваква јасна одредба, при ваков јасен амандман, ставот на Владата, или заменикот министер кој вели дека Владата не го прифаќа амандманот и толку упорното инсистирање на пратнеик кој доаѓа од владеачкото мнозинство, сигурно му е јасно како ќе гласаат неговите колеги, штом толку многу ги убедува, ја открива онаа намера што потајно се крие во овој закон, а тоа е дека не е целта државното знаме на Македонија да се вее во западниот дел во Македонија, односно да остане фактичката состојба каква што е сега. Само што со ваков закон ќе имаат легален основ да утре некој не преземе некаква акција да им го турне тоа знаме.

Тука лежи проблемот. Тука господине Витановски е апелирањето и сето ова што се трудите да го кажете, џабе се повикувате на Владата, таа си го кажа своето, треба повеќе да се повикувате на вашите колеги тука и околу вас, затоа што опозицијата ќе ве подржи, тоа не е спорно.

Она што Владата не го гледа или не сака да го гледа можат да го направат пратениците. Ќе се послужам со еден апел до пратениците, да го излгасаме барем овој амандман ако другите два, сигурно нема да бидат изласани, барем овој да го изгласаме и да го направиме текстот таков каков што треба, барем малку да биде подобар одколку што е. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Инаку, да кажам господине Караџоски, на ваш предлог овие амандмани се споија на куп. Инаку беше посебен. Да му дадевме можност на претставникот на Владата како посебен амандман, можеби ќе го прифатеше. Не можеме да претпоставуваме, можеби ќе го прифатеше. Но, на ваш предлог го споивме и сега е тоа цело купче. Господинот заменик рече дека не се прифаќаат амандманите. Но, затоа имаме можност со поединечното гласање да се изјасниме како Парламент.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање поединечно на секој амандман.

Молам службите нека го утврдат бројот.

(службите го утврдуваат бројот)

**Љупчо Јордановски:** Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 7 за, 3 воздржани, 48 против, како што реков во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман на член 3 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 10 за, 1 воздржан, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман на член 3 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 22 за, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на поднасловите 1 и 2 на Глава 2 поднасловот 3 на Глава 2 да стане Глава 3, а Главите 3 и 4 да станат Глава 4 и 5 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** И, не очекував да се прифати од Владата, можеби и тоа е под знак прашање од Парламентарното мнозинство, меѓутоа, прво што сакам да кажам, и она што го кажаа колегите претходно во своите дискусии и постојано до крајот на моите амандмани ќе повторувам дека ваков закон не постои во светот, вака како што ние го предлагаме и сега со овој амандман можеби до некаде може да се поправи она што се случи со претходниот амандман. Претходните три амандмани кои што се однесуваа на членот 3 поднесени од колегата Караџоски, од колегата Јанаќе Витановски и од мене, а причината и основот, за предлагањето на овој амандман од моја страна го гледам во Глава 3 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, значи тоа е Глава 3 во која има наведено членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24, значи една посебна глава во која немаме делби на јавен, службен и приватен живот како што е предвидено со предлогот.

И, на крајот на појаснам дека со овој амандман барам во законот да постои само Главата 2 со име "Употреба на знамињата на заедниците" аналогно на она што постои во законот за грбот, знамето и химната, употреба на знаме на Република Македонија, а ние треба да ги усогласуваме при донесувањето на закони со постојната правна регулатива.

Вака како што е предложен од страна на Владата сметам дека е во спротивност со постојниот закон за употреба на грбот знамето и химната на Република Македонија и од тие причини барам да се бришат под точката или поднасловот, "употреба на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот", подналсовот 2 "употреба на знамињата на заедниците во приватниот живот". Точката 3 да стане посебна глава со име "Начин на истакнување на знамињата на заедниците, (некој од пратениците се насмеа) јас мислам дека не е тука толку смешно ова што го кажувам.

**Љупчо Јордановски:** Во потполно се согласувам со вас госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Така да казнените одредби од Глава 3 да станат Глава 4 и завршната одредба која што е постојна Глава 4 да стане Глава 5.

Можеби на некој му изгледа смешно со оглед на тоа како се одвива дискусијата во Парламентот и амандманите и не гласањето и не постоењето на желба од страна и на Парламентрното мнозинство и од Владата да изгласаат некои од досега предложените амандмани што ме уверува дека и во понатамошната постапка по амандманите нема да бидат изгласани, затоа барам почитувани колеги, за да го намалиме или за да го поправиме она што се случи со неизгласувањето на претходните амандмани, поддршка од Парламентарното мнозинство за изгласување на овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да дојдат во салата. Прво ќе извршиме гласање а потоа ќе се преброиме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 7 за, 1 воздржан, 47 против.

(Службите нека го утврдат бројот на присутните)

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Го поништувам гласањето, бевме 60. Сега сме 63 пратеника.

Го повторувам гласањето и ве повикувам да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 8 за, 2 воздржани, 52 против.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот.

Со оглед на тоа што амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска кои се точки 10 и 11, од списокот на амандманите по кои се води претрес се однесуваат на исто прашање предлагам по нив да водиме заеднички пртрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив одделно.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 57 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Двата амандмани не се прифатени.

Повелете, Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, амандманите на членот 4 каде што се зборува за употреба на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот, со мојот амандман предлагам зборовите и знамето на таа заедница да се бришат. За да биде појасно ќе го прочитам целиот член. "Во единиците на локалнарта самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедниците и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа согласно член 2 од овој закон пред и во објектите на органите на единиците на локална самоуправа постојано се истакнати знамето на Република Македонија". Тука предлагам да има точка, а зборовите "и

знамето на таа заедница", да се бришат. И, сега логично е затоа што во овој член се зборува за постојана употреба на знамето, а постојана употреба може да ги има само државното знаме на Република Македонија.

Јас од тие причини сметам дека би бил можеби посоодветен збор како што е опишан во амандманот на колешката Којзеклиска каде што наместо зборот постојано може да се истакне и знамето на единиците на локална самоуправа покрај знамето на Република Македонија и тој амандман можеби би бил поодветен, но и едниот и другиот ја имаат истата цел да се направи јасна разлика помеѓу тоа што значи државно знаме и единствено тоа може постојано да се вее на било кој објект, независно дали во таа единица на локална самоуправа има мнозинство од некоја етничка заедница или не. И, заради тоа сметам дека овие амандмани треба да бидат поддржани за да биде попрецизно и јасно кажано што е знаме на држава, што е знаме на етничка заедница.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, јас овој амандман предлагам членот 4 да гласи вака: "Во единиците на локална самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедниците и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа согласно членот 2 од овој закон пред и во објектите на органите на единиците на локалната самоуправа потојано се истакнува знамето на Република Македонија, а може да се истакне и знамето на единицата на локална самоуправа".

Овој амандман можеби е сличен или приближно ист со оној амандман кој го поднесе колегата Јанаќе Витановски во кој бара постојано да биде истакнато знамето на Република Македонија со знамето на заедниците. Мојот амандман за разлика од неговиот вели дека постојано треба да биде истакнато знамето на Република Македонија, затоа што единиците на локална самоуправа се дел од правниот поредок на Република Македонија, дека за единиците на локална самоуправа во членот 10 од Законот за локална самоуправа имаат право на свој грб и знаме, тоа е согласно членот 10 став 1. Согласно членот 10 став 3 знамето и грбот се разликуваат и од грбот и од знамето на другите држави од другите единици на локална самоуправа на други држави и на меѓународни заедници. Ако веќе сакаме да покажеме дека во единиците локална самоуправа на Република Македонија постои правен поредок кој еден дел е реуглиран со постоен закон за локална самоуправа сметам дека ваквиот амандман треба да биде прифатен од страна на Парламентарното мнозинство, а во контекст на ова беа сите мои претходни амандмани во однос на дефинирање на употреба на знамињата на заедниците и она што барав да се брише јавниот, приватниот, службениот живот и пренамена, па и менување на главите.

Затоа барам поддршка од Парламентарното мнозинство да го изгласаат овој закон за да се знае дека во единица на локална самоуправа која постои на територијата на Република Македонија треба да се вее државното знаме постојано.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманите.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да ги глалсаме амандманите.

Амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 5 гласале за амандманот, 2 воздржани, 49 против.

Ве молам, службите нека избројат колку пратеници има во салата.

(Службите ги бројат пратениците).

Во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман на член 4 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи двајца излегоа сега сме 60. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Добро, значи имаме 61.

Ги повикувам пратениците да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник. 56 гласале, 2 за амандманот, 1 воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес на членовите 4 и 5 и 6 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа од причина што и во самото образложение е кажано е уредено со член 8 од овој закон. Овој закон е за употреба на знамињата на заедниците и не се однесува на знамето на единицата на локалната самоуправа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен. За збор се јави госпоѓа Поповска.

Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, амандманот е предложен за измени во членовите 4 и 5 и 6 имено секаде каде што се спомнува дека заедно со знамето на заедницата се вее и македонското

државно знаме да стои дека покрај тие две знамиња стои и знамето на единицата на локална самоуправа. Заедно со колегата Тито Петковски со кој што го поднесовме амандманот сметавме дека е тоа еднологично надополнување на текстот во тие членови затоа што суштината на локална самоуправа најдобро ќе дојде до израз ако се обележи со знаме на единица на локална самоуправа онака како што е регулирано во членот 10 од Законот за локална самоуправа и како што е во согласност со членот 17 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Инаку, дури во членот 8 значи по членовите 4, 5 и 6 во членот 8 од самиот закон се спомнува знамето на единицата на локална самоуправа, меѓутоа, бидејќи тоа не е претходно регулирано во претходните членови испаѓа нелогично и според мнене ова е една правна празнина, едноставно правно техничка грешка која што би требало на ваков начин да се надополни.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Блогодарам. Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикуквам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 7 за амандманот, 2 воздржани, 47 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 4 и 6 став 2 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 4 за амандманот, 1 воздржан 50 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Со оглед на тоа што амандманот на член 4, 5, 6 и 8 поднесен од пратеникот Назми Беќири, амандманот на член 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани и амандманот на член 6, став 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани кои се точки 14,15 и 26 од списокот на амандманите по кои што се води претрес, се однесуваат на исто прашање, предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив одделно.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата, во времето на гласањето беа присутни 61 пратеник, 48 гласале, 46 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворма претрес по амандмнаот на членовите 4, 5, 6 и 8 поднесен од пратеникот Назми Беќири, по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани и по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот. Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифатени.

Бидејки никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеникот Исмет Рамадани инсистира да добие збор бидејки се пријавил).

Се пријавувате и се исклучувавте.И вие имате проблем како господинот Аднан Ќахил?

Ќе ви дадам збор процедурално, бидејки го заклучив претресот. Кога јас гледав во мониторот, не бевте пријавени.

**Исмет Рамадани:** Кога јас притиснав заменикот минситер не се имаше изјаснето уште, па затоа уште еднаш притиснав. За да можам да го слушнам образложеието.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани, вие можевте додека го читав целиот ваш наслов, колку е, три реченици, да се пријавите и да слушате, не само заменикот, туку и другите да ги слушате, а вашето име да биде на видео-бимот.

**Исмет Рамадани:** Претседателе, прво е редот да се слушне претставникот од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Тоа нема врска со пријавувањето.

**Исмет Рамадани:** Има врска. Ако го прифатеше...

**Љупчо Јордановски:** Ќе се откажевте.

**Исмет Рамадани:** Да речеме, ако претставникот од Владата го прифатеше, тогаш немаше да се пријавам.

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе констатирав дека е составен дел.

**Исмет Рамадани:** Откога видов дека не се прифаќа...

**Љупчо Јордановски:** Ќе констатирав дека е составен дел на текстот на законот и вие ќе се откажевте.

(Пратеникот Исмет Рамадани негодува)

Ве молам, имате само три минути процедурално, повелете.

**Исмет Рамадани:** Овој амандман го поднесовме бидејки е заснован на амандманот 8 и 5 од Уставот на Република Македонија и, според овие амандмани, со самиот факт дека во амандманот 8 немаме проценти, односно категорија на употребување според процентите, додека во амандманот 5 од Уставот имаме процентуална категорија за употребата на јазикот, тогаш се определивме со нашето образложение дека може да се користи знамето на етничките заедници и во срединиите, односно во општините каде етничката заедница е над 20%, со самиот факт дека знамето и јазикот се две клучи карактеристики што го утврдуваат или детерминираат идентитетот на една етничка заедница.

Затоа се определивме да интервенираме со амандман во овој закон, за употребата на знамето на етничките заедници, да биде употребувано над 20% во овој случај и знамето на албанската етничка заедница. Во однос на државните органи и  установи, во тие општини каде етничката заедница е над 20%, се разбира дека најнапред се идентификуваат со државното знаме, но воопшто ништо не е на одмет и не пречи ништо до државното знаме да се постави или да се вее и знамето на етничката заедница.

Затоа ние мислиме, сметаме дека утврдениот процент над 50%, односно во членот 5, во суштина е со изземачки карактер, бидејки прави исклучување на една етничка заедница во рамкит ена самта себи си. Над 50% и под 50%. Затоа мсе на миселње дека нашата интервенција е правична и не повредува, туку напротив дава можност употребата на знамето на етничките заедници да биде во рамкит ена тоа што значи толерантност и афирмативнсот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рамадани.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Јас го заклучив претресот, ова беше само процедурално. Бев великодушен, што се вели.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Десетте минути за кворум течат. 57 души сме во салата. За 61 ни требаат четворица.

Дали координаторите можат да обезбедат кворум?  Добро, тука ја прекинуваме седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,33 часот).